Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Податоци за високообразовната установа	
Назив	УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА (кратенка ФЗНХ)
Седиште	ул. 16-та Македонска бригада бр.3 - Скопје, РС Македонија
Контакт информации	Тел: +389 2 3255100 Факс +389 2 3134310 Интернет адреса: www.fznh.ukim.edu.mk Е-пошта: contact@fznh.ukim.edu.mk
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)	Проф. д-р Миле Маркоски, Декан
Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)	/
Основ за надворешната евалуација	☐ Годишен план ☐ Барање на високообразовната установа ☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ☐ Барање на министерот надлежен за високото образование
Период за кој се однесува извештајот	2024/25 и 2025/26
Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)	/
Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?	ДА/НЕ

Место, датум МП овластено лице на установата
(потпис)

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа)	
Назив на високообразовната установа	Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје (ФЗНХ)
Седиште	бул. „16-та Македонска бригада“ бр.3 , ПФ. 297, 1000 Скопје
Веб страница	http://www.fznh.ukim.edu.mk
Мисија и визија на установата	МИСИЈА Основната мисија на Факултетот за земјоделски науки и храна е обезбедување квалитетно високо образование и подготовка на стручен и научен кадар со современи знаења, практични вештини и компетенции од областа на земјоделството, производството и преработката на храна, управувањето со природните ресурси и заштитата на животната средина. Преку современа настава, научноистражувачка работа, практична обука и соработка со стопанството и релевантните институции, Факултетот создава кадар способен за донесување соодветни технолошки и управувачки решенија, унапредување на производството и успешно вклучување во научноистражувачката и професионалната дејност. Мисијата на Факултетот опфаќа и континуирано осовременување на наставните и истражувачките капацитети, лабораториите, опремата и човечките ресурси, како и трансфер на знаење и технологии преку интензивна соработка со земјоделските производители, преработувачката индустрија, јавните институции, научнообразовните установи и другите релевантни чинители. ВИЗИЈА Визијата на Факултетот за земјоделски науки и храна е да биде современа, препознатлива и конкурентна високообразовна и научноистражувачка институција, интегрирана во европскиот простор на високото образование и науката. Факултетот се стреми кон континуирано унапредување на квалитетот на наставата и научноистражувачката работа, имплементација на принципите на Болоњскиот процес и европските стандарди во високото образование, како и кон развивање на национална и меѓународна соработка со образовни, научни и стручни институции. Посебен акцент се става на мобилноста на студентите, наставниот и соработничкиот кадар, интернационализацијата на наставата и истражувањето, како и на континуираната едукација и специјализирана обука на кадарот вклучен во земјоделското производство, прехранбената индустрија, развојните и советодавните служби, невладиниот сектор и институциите што учествуваат во креирањето и спроведувањето на политиките во земјоделството и храната. Долгорочната визија е Факултетот да претставува центар на знаење, иновации и трансфер на технологии, кој преку образование, истражување и соработка ќе придонесува кон одржливо земјоделство, безбедно и квалитетно производство на храна, рационално управување со природните ресурси и општествен и економски развој.
Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)	Државна високо образовна установа, Матичен број: 6462677, Шифра на дејност: 85.42 - Високо образование

Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии	**Студиски програми на прв циклус на студии** **Поледелство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-637/6 од 13.3.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-780/4 од 27.4.2023 година) **Заштита на растенијата-Фитомедицина** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-639/9 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-958/4 од 4.7.2023 година) **Градинарство и цвеќарство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-634/6 од 13.3.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-779/4 од 27.4.2023 година) **Овоштарство, лозарство и винарство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-636/6 од 9.5.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-837/4 од 22.5.2023 година) **Анимално производство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-633/6 од 9.5.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-838/4 од 22.5.2023 година) **Производство и преработка на земјоделски производи и храна** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-638/9 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-959/4 од 4.7.2023 година) **Агроекономика** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-632/9 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-957/4 од 4.7.2023 година) **Агроекологија** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-631/6 од 13.3.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-781/4 од 27.4.2023 година) **Квалитет и безбедност на храна** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-635/9 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-960/4 од 4.7.2023 година) **Хортикултура** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-640/6 од 9.5.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-836/4 од 22.5.2023 година) **Дигитално земјоделство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-61/4 од 02.07.2024 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-499/4 од 05.11.2024 година) **Студиски програми на втор циклус на студии** **Одржливи технологии во поледелството** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1336/6 од 24.7.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1063/4 од 29.8.2023 година) **Лозарство и винарство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1339/6 од 1.9.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1164/4 од 15.9.2023 година)

	Одржливо овоштарско производство (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1334/6 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-961/4 од 4.7.2023) **Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1332/6 од 1.9.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1163/4 од 15.9.2023 година) **Менаџмент на почви и води** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1338/6 од 24.7.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1064/4 од 29.8.2023 година) **Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1337/6 од 9.6.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-962/4 од 4.7.2023 година) **Преработка на овошје и зеленчук** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1333/6 од 1.9.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1165/4 од 15.9.2023 година) **Квалитет и безбедност на храна** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1342/6 од 24.7.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-1062/4 од 29.8.2023 година) **Агроекономика и рурален развој** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1341/6 од 9.5.2023 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-839/4 од 22.5.2023 година) **Одржливо анимално производство** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1335/9 од 26.02.2024 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-435/4 од 05.11.2024 година) **Фитомедицина** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-1331/9 од 25.9.2024 година и Решение за почеток со работа од АКВО бр. 08-790/4 од 05.11.2024 година) **Студиски програми на трет циклус на студии** **Растителна биотехнологија** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-265/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11190/1 од 2.11.2021) **Анимална биотехнологија** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-266/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11209/1 од 2.11.2021) **Агроекономика** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-267/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11187/1 од 2.11.2021) **Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-268/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11214/1 од 2.11.2021) **Квалитет и безбедност на земјоделски производи** (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-269/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11191/1 од 2.11.2021)

	Заштита на растенијата-Фитомедицина (Решение на Одбор за акредитација бр. 08-270/6 од 28.9.2021 година и Решение за почеток со работа 40-11189/1 од 2.11.2021)
Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност	58 редовни професори, 3 вонредни професори, 5 доценти
Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии	261 студенти на прв циклус во сите четири студиски години 21 студенти на втор циклус студии 5 студенти на трет циклус студии
Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)	Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) во Скопје се вбројува меѓу најстарите високообразовни институции во државата и е еден од основоположниците на високото образование и на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Воедно, ФЗНХ претставува најголема високообразовна и научноистражувачка институција во Република Северна Македонија во областа на земјоделските науки. Факултетот за земјоделски науки и храна е основан во 1947 година, со одлука на Владата на Народна Република Македонија, како посебен отсек во рамките на Земјоделско-шумарскиот факултет. Со основањето на високообразовна институција наменета за едукација и подготовка на кадар од областа на земјоделството и храната бил поставен јасен приоритет во насока на развојот на земјоделско-прехранбениот сектор и стопанскиот развој на тогашната повоена Социјалистичка Република Македонија. Во текот на својот развој, ФЗНХ се вбројува и меѓу првите високообразовни институции во Република Северна Македонија кои систематски започнале со примена на препораките и принципите на Болоњскиот процес. Истовремено, Факултетот развива значајна и обемна соработка со голем број претпријатија и организации од земјоделско-прехранбениот сектор во државата. Оваа соработка се реализира преку различни наставни, научноистражувачки, стручни и услужни активности, вклучително и преку 40-те лаборатории на Факултетот, од кои дел се овластени од надлежните државни институции, а седум се акредитирани. За долгата и успешна традиција на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје сведочат и резултатите во областа на образованието и развојот на стручен и научен кадар. Заклучно со 30.6.2026 година, на Факултетот дипломирале 8 409 земјоделски инженери, специјалистички студии завршиле 117 кандидати, магистерски студии завршиле 593 магистри на земјоделски науки, а докторски студии завршиле 273 доктори на земјоделски науки. Овие показатели го потврдуваат значајниот придонес на ФЗНХ во образувањето на стручен и научен кадар и неговата долгорочна улога во развојот и унапредувањето на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија.
Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница)	Факултетот за земјоделски науки и храна располага со компетентен и квалитетен наставно-научен кадар. Факултетот е организиран во седум внатрешни организациски единици, и тоа: Институт за растително производство, Институт за овоштарство, лозарство и винарство, Институт за анимална биотехнологија, Институт за храна, Институт за животна средина, Институт за заштита на растенијата и земјоделска техника и Институт за агроекономика. Секој од институтите се состои од различен број помали организациски единици - катедри и лаборатории. Во рамките на Факултетот за

	земјоделски науки и храна, а согласно ЗВО функционираат и „Друштво за истражување и перманентно образование – ДИПОЗ“ и „Опитно поле ФЗНХ“, кои имаат посебни жиро-сметки, свои управители и надзорни одбори. Оваа организациска структура на ФЗНХ е во функција на остварување на неговата мисија во сите дејности за кои тој е основан. ФЗНХ во состав на УКИМ, го воведува Системот за управување со квалитет (MKS EN ISO/IEC 17025:2018) како основа за квалитетна научно-истражувачка и апликативна дејност со што се дава прилог во остварувањето на мисијата на ФЗНХ во овие дејности. Врз основа на овој стандард, во состав на Факултетот има 7 акредитирани лаборатории, и тоа: Лабораторија за анализа на храна за животни (Л01), Лабораторија за млеко и млечни производи (Л02), Лабораторија за контрола на квалитетни својства на семиња од земјоделски растенија (Л03), Лабораторија за анализа на почва и ѓубриња (Л04), Лабораторијата за тутун и тутунски производи (Л05) и Лабораторијата за испитување на грозје, вино, и алкохолни пијалоци (ЛО6) и Лабораторија за хемиска анализа на примарни земјоделски производи и нивни преработки (ЛО7). Овие лаборатории даваат објективни, брзи и квалитетни услуги на правни и физички лица, засновани врз меѓународно признати и прифатени методи за работа. Освен тоа, Факултетот располага и со 4 компјутерски опремени лаборатории/простории/училници и повеќе од 40 целосно опремени лаборатории за лабораториски вежби, практична настава за студентите и научно-истражувачка работа. Практичната настава на студентите и спроведувањето на активностите во рамките на различни проекти се изведуваат на Опитното поле на Факултетот.
Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница)	Најзначаен напредок е постигнат во областа на институционалното обезбедување квалитет, унапредувањето на наставно-образовниот процес, научноистражувачката работа, практичната настава и поврзувањето со стопанството, како и во меѓународната соработка и интернационализацијата. Во системот за обезбедување квалитет е остварен евидентен напредок преку појасно институционализирање на процесите на самоевалуација, редовно следење и анализа на резултатите и поголема поврзаност меѓу утврдените слабости, преземените активности и нивните ефекти. Системот сè повеќе се темели на континуирано прибирање и обработка на податоци и на вклучување на студентите, наставниот кадар и релевантните надворешни чинители во унапредувањето на квалитетот. Во наставно-образовниот процес е забележано значително подобрување на квалитетот на наставата, особено во делот на интерактивноста, примената на современи методи на учење, разновидноста на техниките за оценување и поголемото вклучување на студентите во наставниот процес. Евидентно е пошироко користење на проектно, проблемски и искуствено учење, студии на случај, дигитални алатки, мултимедијални содржини, лабораториска и теренска настава, како и постепено воведување на алатки базирани на вештачка интелигенција во образовниот процес. Значаен напредок е постигнат и во дигитализацијата и осовременувањето на наставата и истражувањето. Унапредени се лабораториските и техничките капацитети, проширена е употребата на специјализирани софтвери и дигитални платформи, а современите технологии сè повеќе се интегрираат во практичната настава, обработката на податоци, дигиталната фенотипизација,

	анализа на слики, географските информациски системи и други современи пристапи релевантни за земјоделството и храната. Во научноистражувачката дејност е остварен континуиран и евидентен напредок преку континуирана научна продукција, поголема проектна активност, вклучување во национални и меѓународни истражувачки мрежи и поизразено поврзување на научните резултати со наставниот процес. Системското следење на научните резултати овозможува подобро планирање и насочување на истражувачката дејност кон современи и општествено релевантни теми. Во делот на практичната настава и соработката со стопанството е постигнато значително унапредување преку појасно структурирање на стручната пракса, поголемо вклучување на компании и институции во наставниот процес, почести гостински предавања од стручњаци од практиката и поголема застапеност на теренски и практични активности. Со тоа се зајакнува поврзаноста меѓу теоретските знаења и нивната примена во реални производни и работни услови. Евидентен напредок е остварен и во областа на меѓународната соработка и интернационализацијата. Зголемена е мобилноста на студентите и наставниот кадар, проширено е учеството на странски наставници и истражувачи во наставни и научни активности, а Факултетот континуирано ја зајакнува својата меѓународна видливост преку учество и организација на меѓународни научни настани, проекти и академски мрежи. Во целина, напредокот најјасно се согледува во преминот кон посистематско управување со квалитетот, поголема ориентација на наставата кон студентот, поинтензивна примена на современи технологии, посилно поврзување на наставата со науката и практиката и поизразена меѓународна отвореност на Факултетот.
Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница)	Најголемите предизвици на Факултетот се поврзани со одржувањето и понатамошното унапредување на квалитетот на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес во услови на ограничени човечки, финансиски и инфраструктурни ресурси. Еден од најзначајните предизвици е намалениот број на студенти, што претставува поширок демографски и системски проблем и непосредно влијае врз одржливоста и развојот на студиските програми. Потребно е понатамошно јакнење на промотивните активности, подобро позиционирање на студиските програми и нивно континуирано усогласување со потребите на пазарот на трудот и со современите трендови во земјоделството и производството на храна. Значаен предизвик претставува и недостатокот на наставно-научен и особено соработнички кадар, како и недоволниот број вработени во стручно-административните служби. Ова создава дополнително оптоварување на постојниот кадар и ја нагласува потребата од навремено кадровско обновување, обезбедување помлад научен и соработнички кадар и зајакнување на административната поддршка. Дополнителен предизвик е недоволното и нестабилно финансирање на научноистражувачката дејност од национални извори. Иако Факултетот успешно учествува во домашни и меѓународни проекти, потребата од посистемска и долгорочна финансиска поддршка за истражувања, лабораториска опрема, потрошен материјал, одржување на инфраструктурата и развој на нови истражувачки капацитети останува изразена.

	Во делот на инфраструктурата, и покрај континуираното осовременување на дел од лабораториите и наставните капацитети, сè уште постои потреба од понатамошни инвестиции во просторот, опремата, дигиталната инфраструктура и современите технологии неопходни за квалитетна настава и конкурентна научноистражувачка работа. Предизвик претставува и честото менување на законската и подзаконската регулатива во високото образование, како и промените во правилата, процедурите и обрасците за акредитација и евалуација. Ова создава потреба од постојано административно и организациско приспособување и дополнително ангажирање на наставниот и стручниот кадар. Исто така, долготрајноста на постапките за акредитација и повторна акредитација на студиските програми може да го забави нивното навремено осовременување и воведувањето нови студиски содржини во согласност со потребите на општеството и економијата. Во целина, клучниот предизвик е да се обезбеди континуиран развој на Факултетот во услови на ограничени ресурси и променлив нормативен контекст, при што приоритет останууваат кадровското јакнење, привлекувањето студенти, подобрувањето на инфраструктурата, стабилното финансирање на науката и понатамошното унапредување на квалитетот и конкурентноста на студиските програми.

2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	
Индикатор	**Документација**
1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.
Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во последните неколку децении спроведува активности за обезбедување квалитет во наставно-образовниот процес и во научноистражувачката работа. Овие активности ги опфаќаат студентските анкети, со кои се оценува изведувањето на наставата, креирањето на наставните и предметните програми што ги следат трендовите на водечките факултети од областа на земјоделството и храната во светот, во Европа и во регионот и одговараат на потребите на стопанството и на пазарот на трудот во државата, и континуираното подобрување на научноистражувачката дејност на вработените. Од 2024 година, за обезбедување на квалитетот Факултетот се води според Стратегијата за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот, Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот и неговите единици и Водичот за обезбедување квалитет на Универзитетот. Врз основа на овие акти, на Факултетот се формирани Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет, чија задача е да извршат оцена на состојбата и да дадат предлози и мерки за надминување на констатираните слабости во остварувањето на дејноста на Факултетот. Советот за квалитет на Факултетот донесе Деловник за работа, врз основа на член 17 став 1 точка 8 од Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот, со кој се уредуваат надлежностите на Советот, начинот на свикување и одржување на состаноците, правата и должностите на членовите и начинот на одлучување. Според член 3 од Деловникот, Советот за квалитет е надлежен за подготвување, спроведување и следење на активностите поврзани со обезбедувањето квалитет на наставата, на научноистражувачката работа и на административните и другите процеси на Факултетот, а според член 5 состаноците се одржуваат најмалку четири пати годишно. Актите во кои е уредена политиката за обезбедување квалитет се објавени и јавно достапни на веб-страницата на Факултетот и на Универзитетот.	
Прилози 1.1.А Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација 1.1.Б Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 1.1.В Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 1.1.Г Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалтетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици 1.1.Д Водич за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 1.1.Ѓ Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје 1.1.Е Одлука за именување членови во Совет за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје 1.1.Ж Деловник на Совет за квалитет на ФЗНХ	
1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.	Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.
Студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се вклучени во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес од 2006 година. Стандардизираниот модел на студентската анкета е воспоставен со Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот	

(„Универзитетски гласник“ бр. 244 од 30 април 2013 година) и оттогаш се применува непроменет, што овозможува споредливост на резултатите меѓу генерациите и меѓу единиците на Универзитетот. Во извештајниот период анкетата се спроведува во електронска форма преку платформата iKnow, во роковите утврдени со Одлуката на Советот за квалитет на Универзитетот бр. 31-536/2 (Прилог 1.2.3). Анкетата ја пополнуваат студентите што присуствувале на наставата во соодветниот семестар, а се оценуваат наставниците и соработниците што ја изведувале наставата, вклучувајќи го и наставниот кадар од други единици на Универзитетот ангажиран во изведувањето на наставата на Факултетот.

Во извештајниот период студентската анкета за перцепција на квалитетот на наставата е спроведена преку платформата iKnow во сите четири семестри, при што наставниот кадар се оценува по десет аспекти на скала од 1 до 5. Резултатите се обработуваат по прашања, по наставник и по предмет.

Покрај анкетата за квалитетот на наставата, преку истата платформа се спроведени и анкета за перцепција на студентите за општите услови за студирање, анкета за перцепција на наставниот кадар за условите за работа и анкета за перцепција на стручно-административниот кадар за условите за работа.

Како дополнителна алатка за прибирање и анализа на податоци, во извештајниот период е воведен електронски образец за индивидуален годишен извештај на наставно-научниот и соработничкиот кадар, со 22 категории што ги опфаќаат одржувањето настава и вежби, методите на оценување, иновациите во наставата, менторството, научните публикации, монографиите и патентите, националните и меѓународните проекти, научната и стручната афирмација, наградите, обуките и студиските престои. Прашалникот е даден во прилог.

Системот за обезбедување квалитет се надградува преку мерки утврдени во годишните акциски планови. Со годишните акциски планови утврдени се конкретни активности за квалитетот на податоците и за нивното системско водење. Со акцискиот план за втората академска година годишниот извештај за сопствените резултати станува задолжителен за секој член на единицата.

Динамиката на активностите за обезбедување квалитет е определена со актите на Универзитетот и со одлуките на неговиот Совет за квалитет. Анкетите се спроведуваат на крајот на секој семестар, а индивидуалните годишни извештаи се поднесуваат по завршувањето на академската година.

Резултатите од спроведените анкети се следат по поединечни аспекти. Кај анкетата за перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа просечната оцена расте од 4,38 во академската 2024/2025 на 4,60 во академската 2025/2026 година, со подобрување кај сите оценувани аспекти. Највисоко се оценети отсуството на дискриминација по кој било основ (5,00), атмосферата на доверба и соработка во стручната служба (4,90) и навременото и ефективно решавање на проблемите од страна на Деканатската управа (4,80), а најголем пораст бележат задоволството од просторните услови за работа (од 3,88 на 4,50) и учеството на обуки за унапредување на знаењата и вештините (од 3,88 на 4,40). Кај студентската анкета за квалитетот на наставата највисоко се оценети подготвеноста на наставникот за часот и односот кон студентите, а најниско интерактивноста на наставата и разновидноста на техниките за континуирано оценување. Анализата на резултатите од студентските анкети по поединечни аспекти, мерките преземени врз основа на наодите и нивниот мерлив ефект се прикажани кај индикаторите 1.5 и 1.6.

Прилози

1.2.А Резултати од студентската анкета за квалитетот на наставата – зимски семестар, академска 2024/2025 година
1.2.Б Резултати од студентската анкета за квалитетот на наставата – летен семестар, академска 2024/2025 година
1.2.В Резултати од студентската анкета за квалитетот на наставата – зимски семестар, академска 2025/2026 година
1.2.Г Резултати од студентската анкета за квалитетот на наставата – летен семестар, академска 2025/2026 година
1.2.Д Прашалник и резултати од анкетата за перцепција на студентите за општите услови за студирање за академските 2024/2025 и 2025/2026 година
1.2.Ѓ Прашалник и резултати од анкетата за перцепција на наставниот кадар за условите за работа за академските 2024/2025 и 2025/2026 година
1.2.Е Прашалник и резултати од анкетата за перцепција на стручно-административниот кадар за условите за работа за академските 2024/2025 и 2025/2026 година
1.2.Ж Прашалник/електронски образец за индивидуален годишен извештај на наставно-научниот и соработничкиот кадар
1.2.З Одлука на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за утврдување на роковите, почетокот и траењето на постапката за самоевалуација на единиците и Универзитетот, бр. 31-536/2

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

релевантни институции/организации во процесот.	
Управата на Факултетот е посветена на континуирано подобрување и унапредување на квалитетот на образовниот процес. Факултетот ги подобрува постојните студиски програми и воведува нови, следејќи ги примерите од водечките институции од областа на земјоделството и храната, притоа земајќи ги предвид потребите на пазарот на трудот и потребите на стопанството од специфично образуван кадар. Сите акредитирани студиски програми на Факултетот се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија, а постапката за акредитација и за повторна акредитација се спроведува на секои пет години за студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус студии. Преку процесот на самоевалуација се детектираат предностите, слабостите, можностите и заканите и се даваат препораки за подобрување, чија реализација се планира преку годишните акциски планови. Вклученоста на студентите е документирана со одзивот на спроведените анкети. Резултатите се разгледуваат од Комисијата за самоевалуација и од Советот за квалитет и се земаат предвид при планирањето на мерките за унапредување на квалитетот. Претставници на студентите се членови и на Комисијата за самоевалуација и на Советот за квалитет на Факултетот и учествуваат во нивната работа. Вклученоста на работодавците и на деловната заедница се остварува преку Одборот за соработка и доверба со јавноста, преку член на Советот за квалитет од деловната заедница, преку практичната настава кај домаќини од стопанството и преку ангажирање стручњаци од практиката во рамките на предметните програми. На седницата одржана на 17 декември 2025 година Одборот ги разгледа елаборатите за повторна акредитација и даде позитивно мислење за сите шест студиски програми на трет циклус докторски студии (Прилог 1.3.Ѓ). Во извештајниот период, по предлог на наставно-научниот совет, Ректорската управа со четири одлуки даде согласност за ангажирање на вкупно 28 стручњаци од практиката (24 различни лица), од кои 10 во академската 2024/2025 и 18 во академската 2025/2026 година, за изведување настава на одделни делови од предметни програми на првиот циклус студии (Прилог 2.5.А). Практичната настава во компании во летниот семестар од академската 2024/2025 година се реализираше за шест предметни програми, кај девет домаќини од стопанството и од јавниот сектор, со вкупно 127 часа практична настава, при што за секоја група беа определени ментор од домаќинот и ментор од Факултетот (Прилог 2.6.Д). Во академската 2025/2026 година, во рамките на проектна соработка, 12 студенти од втора, трета и четврта година поминаа две дводневни обуки, три теренски посети на производствени капацитети и директно учество во 30 лабораториски анализи (Прилог 2.6.Ѓ). Советот за квалитет во извештајниот период одржа тринаесет седници, а годишните акциски планови за квалитет за двете академски години се изработени со учество на претставникот на деловната заедница и на претставникот на студентите (Прилог 1.3.Г). Соработката со владините институции и со меѓународните организации се остварува преку заеднички проекти и стручни активности со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации, Програмата за развој на Обединетите нации, GIZ и Светската банка. Наодите и потребите што произлегуваат од оваа соработка се земаат предвид при ревизијата на студиските програми и при планирањето на активностите за унапредување на квалитетот. Вработените се вклучени во системот за обезбедување квалитет преку анкетите за условите за работа и преку индивидуалните годишни извештаи.	
Прилози 1.3.А Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје 1.3.Б Одлука за именување членови во Советот за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје 1.3.В Номинации/Одлука за именување членови во Одборот за соработка и доверба со јавноста 1.3.Г Записници од состаноците на Советот за квалитет со учество на претставник на студентите и претставник на деловната заедница 1.3.Д Извештаи на Центарот за кариера за периодот 2024-2026 година 1.3.Ѓ Мислења на Одборот за соработка и доверба со јавноста за елаборатите за повторна акредитација на студиските програми од трет циклус студии	
1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Акт за формирање на телото; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.
Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје има формирано Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет, надлежни за оцена на состојбите и за давање препораки и мерки за подобрување на квалитетот на установата. Комисијата за самоевалуација е составена од претставници на наставно-научниот кадар и од претставници на студентите и е надлежна за спроведување на постапката за самоевалуација, за прибирање и анализа на податоците и за изработка на извештајот од самоевалуација со заклучоци и препораки. Советот за квалитет ги	

разгледува наодите од самоевалуацијата, го изработува годишниот акциски план и предлага мерки за унапредување на квалитетот. Составот на двете тела е утврден со одлуки на Наставно-научниот совет.
Работата на Советот за квалитет е уредена со Деловник за работа на Советот за квалитет на Факултетот, донесен врз основа на член 17 став 1 точка 8 од Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот и во согласност со Деловникот за работа на Советот за квалитет на Универзитетот. Советот е составен од претставници на наставно-научниот кадар, од претставник на деловната заедница и од претставник на студентите, со што е обезбедена вклученост на засегнатите страни во телото надлежно за обезбедување квалитет. Состаноците ги свикува претседателот на Советот, дневниот ред се утврдува во соработка со членовите, а усвојувањето на дневниот ред и на записникот од претходниот состанок се први точки на секој состанок.
Работата на Советот за квалитет е документирана со записници од одржаните состаноци. Предмет на состаноците беа изработката, ревизијата и финализирањето на годишните акциски планови, поделбата на задачите по стандарди меѓу членовите на Советот, постапувањето по забелешките на Советот за квалитет на Универзитетот, вклучувањето на препораките на претставниците на студентите и на деловната заедница и прегледот на реализацијата на мерките. Бројот на одржани состаноци во двете академски години го надминува минимумот од четири состаноци годишно утврден во член 5 од Деловникот.
Работата на Комисијата за самоевалуација е документирана со записници од одржаните состаноци, заведени во архивата на Факултетот под броевите 12-4/2 од 21.8.2026 година, 12-5/2 од 4.9.2026 година и 12-6/2 од 10.9.2026 година и потпишани од претседателот на Комисијата. Во извештајниот период Комисијата одржа три состаноци, означени како четврти, петти и шести според континуираната нумерација од конституирањето на Комисијата во мај 2024 година.Комисијата беше информирана за Одлуката на Универзитетот со која се утврдени роковите за спроведување на постапката и за обврската извештајот да биде подготвен и усвоен од Наставно-научниот совет најдоцна до 21 септември 2026 година, извршиот преглед на расположливите податоци, меѓу кои и индивидуалните податоци доставени од наставниот и соработничкиот кадар преку електронскиот систем за извештај за самоевалуација, и утврди кои дополнителни податоци и официјална документација треба да се обезбедат од стручните служби и од Деканатската управа. Дополнително, беа разгледани податоците доставени од службите и од раководните лица, како и резултатите од анкетирањето на студентите и на вработените за двете академски години, при што беше извршена проверка кои податоци се веќе обезбедени, беа идентификувани податоците за кои е потребно дополнување или проверка и беа распределени задачите меѓу членовите.
Со ваквата организација на работата е обезбедена јасна поделба меѓу извршната улога на Комисијата за самоевалуација во спроведувањето на постапката и советодавната и надзорната улога на Советот за квалитет.
Во процесот на изработка на извештајот од самоевалуација за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година, Советот за квалитет на Универзитетот обезбедува и стручна поддршка на единиците во процесот на изработката на извештајот.

Прилози
1.4.А Одлука за избор на членови во Комисијата за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје
1.4.Б Одлука за именување членови во Советот за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје
1.4.В Деловник за работа на Советот за квалитет на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје
1.4.Г Записници од одржаните состаноци на Советот за квалитет
1.4.Д Записници од одржаните состаноци на Комисијата за самоевалуација

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.

Основна цел на процесот на самоевалуација на Факултетот е да се направи реална проценка на квалитетот на наставно-образовниот процес на првиот, вториот и третиот циклус студии и на научноистражувачката работа. Преку анализа и критична проценка на клучните елементи (студиските програми и нивната актуелност, наставно-научниот и соработничкиот кадар, наставно-образовната и научноистражувачката дејност, студентите, просторните и материјалните ресурси, надворешната и меѓународната соработка и финансирањето), како и преку анализата на предностите, слабостите, можностите и заканите се детектираат силните и слабите страни на процесите и се предлагаат мерки за нивно подобрување.
Извештаите од самоевалуација на Факултетот се објавени на веб-страницата.
Резултатите од спроведените анкети се анализираат по поединечни аспекти и водат кон конкретни мерки.

Анализата на резултатите од академската 2024/2025 година покажа дека најниско оценети аспекти се интерактивноста на наставата и користењето примери и студии на случај (4,41), разновидноста на техниките за континуирано оценување (4,43) и придонесот на часовите кон стекнатите знаења и вештини (4,39). Во согласност со тие наоди, Факултетот реализираше интерни обуки за наставниот кадар од областа на техниките на поучување и на примената на иновативни методи за настава и учење, а наставниците воведоа иновации во наставните материјали, во методите на предавање и во методите на оценување. Во академската 2025/2026 година истите три аспекта бележат најголем пораст во оцените на студентите (на 4,70, 4,67 и 4,69 соодветно), што покажува дека системот за обезбедување квалитет произведува мерливи ефекти.

Заклучоците и препораките од извештаите од самоевалуација се операционализираат преку годишни акциски планови со конкретни мерки. Годишниот акциски план за академската 2024/2025 година содржи 39 мерки, со утврдени појдовна и проектирана вредност, рок, надлежно тело, ресурси и оцена на ризикот за секоја мерка. Годишниот акциски план за академската 2025/2026 година содржи 17 мерки. Реализацијата на мерките се следи на состаноците на Советот за квалитет.

Дел од активностите од годишните акциски планови водат кон резултат што може да се провери. Донесувањето одлука за правила на студирање на прв и на втор циклус студии е реализирано со Одлуката објавена во „Универзитетски гласник" бр. 702 од 6 ноември 2024 година. Обуките за проактивни и иновативни методи за настава и за примена на дигитални платформи, алатки за адаптивно учење и вештачка интелигенција, се реализирани во целост, а нивниот ефект е потврден со порастот на оцените кај соодветните аспекти во студентската анкета во наредната академска година. Реализиран е и настанот „Студентите предаваат, професорите слушаат".

Постапката за самоевалуација за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година се спроведува во роковите утврдени со Одлуката на Советот за квалитет на Универзитетот бр. 31-536/2, во периодот од 21 август до 21 септември 2026 година, а годишниот акциски план за учебната 2026/2027 година се усвојува најдоцна до 30 септември 2026 година.

Извештаите од самоевалуација на Факултетот за претходните периоди се јавно достапни на веб-страницата на Факултетот, во делот „Самоевалуација": извештајот за периодот 2020-2023 година и извештајот за периодот 2017-2020 година, како и извештајот за академската 2023/2024 година.

Прилози

1.5.А Извештај од самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за 2023/2024 година

1.5.Б Извештај за самоевалуација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за периодот 2020-2023 година

1.5.В Годишен акциски план за квалитет за академската 2024/2025 година

1.5.Г Годишен акциски план за квалитет за академската 2025/2026 година

1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.

На Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје досега не е спроведена посебна надворешна евалуација. Надворешна евалуација е спроведена на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како целина, во рамките на Програмата за институционална евалуација на Европската асоцијација на универзитети во 2015 година, а повратна евалуација е реализирана во 2017 година во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, преку Министерството за образование и наука. Извештаите се објавени на веб-страницата на Универзитетот (https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/NE-2018-UKIM-EN.pdf).

Обезбедувањето квалитет на Факултетот се третира како континуиран процес, кој не зависи од динамиката на надворешните евалуации. Континуитетот е уреден со Деловникот за работа на Советот за квалитет, во кој е утврдена обврска за најмалку четири состаноци годишно, и е документиран со записниците од одржаните состаноци во 2024, 2025 и 2026 година. Процесот се обезбедува преку редовната самоевалуација, преку следењето на статусот на препораките од претходните извештаи, преку годишните акциски планови со конкретни мерки, рокови и надлежни тела и преку годишното структурирано прибирање и анализа на податоците за наставната, научноистражувачката и стручната дејност.

Напредокот во извештајниот период е мерлив. Просечната оцена на студентите за квалитетот на наставата расте

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

од 4,51 во зимскиот семестар на академската 2024/2025 година на 4,73 во летниот семестар на академската 2025/2026 година. Трите најниско оценети аспекта во првата година бележат најголем пораст во втората година. Бројот на поединечни евалуации со просечна оцена под 4,0 се намалува од 10 во летниот семестар на академската 2024/2025 година на 3 во летниот семестар на академската 2025/2026 година, додека бројот на евалуации со оцена 4,5 и повисока расте. Воведен е индивидуален годишен извештај за наставниот и соработничкиот кадар, со кој се затвора кругот меѓу прибирањето податоци, анализата и мерките. Зголемен е бројот на наставници што воведуваат иновации во наставата, бројот на објавени трудови, на поднесени проектни апликации и на студенти што реализирале мобилност.

Врската меѓу наодите од анкетите, мерките утврдени во годишните акциски планови и подобрените резултати е документирана кај индикаторот 1.5. Реализацијата на мерките се следи на состаноците на Советот за квалитет.

Факултетот е подготвен за спроведување на надворешна евалуација, а системот за обезбедување квалитет е поставен така што обезбедува податоци и докази потребни за таква постапка.

Прилози

1.6.А Годишен акциски план за квалитет за академската 2024/2025 година

1.6.Б Годишен акциски план за квалитет за академската 2025/2026 година

1.6.В Записници од одржаните состаноци на Советот за квалитет

Стандард 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
Индикатор	**Документација**
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	Акт во кој е регулирано прашањето;
Основна дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје е наставно-образовната дејност, што е утврдено во актот за основање и во визијата и мисијата на Факултетот. Креирањето, одобрувањето и следењето на студиските програми на првиот, вториот и третиот циклус студии се спроведуваат така што се обезбедува континуирано унапредување на образовниот процес на сите циклуси, следејќи ги актуелните трендови во областа на земјоделството и производството на храна и потребите на стопанството и на пазарот на трудот. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми е уредена со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/2019, 178/2021, 58/2024 и 124/2025), со Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, донесен од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност во ноември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 256/22), и со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/2022). Постапката за акредитација се спроведува на секои пет години за студиските програми од сите три циклуса и започнува една година пред истекот на тековната акредитација. Елаборатите се изработуваат според актуелните упатства и обрасци на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 2024 година: Упатството за начинот на пополнување на елаборатот за акредитација, односно за повторна акредитација на студиска програма, посебно за првиот, за вториот и за третиот циклус студии, и соодветните обрасци „Елаборат за (ре)акредитација на студиска програма“ за секој циклус. Постапката за акредитација во рамките на Универзитетот опфаќа подготовка на предлог-елаборат од страна на именувана комисија, негово усвојување од Наставно-научниот совет на Факултетот, како и разгледување и давање мислење од надлежните факултетски и универзитетски тела, по што елаборатот се усвојува од Универзитетскиот сенат. По завршувањето на постапката во рамки на универзитетот, документацијата се доставува до Одборот за акредитација на високото образование. По добивањето решение за акредитација, Факултетот поднесува барање до Агенцијата за квалитет во високото образование за добивање решение за почеток со работа на студиската програма. Оваа постапка се применува при акредитацијата и повторната акредитација на сите активни студиски програми на Факултетот.	
Прилози 2.1.А Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) 2.1.Б Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 256/22) 2.1.В Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклис студии 2.1.Г Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклис студии 2.1.Д Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклис студии 2.1.Ѓ Образец за акредитација на студиски програми на прв циклус студии 2.1.Е Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии 2.1.Ж Образец за акредитација на студиски програми на трет циклус студии	
2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	

Сите акредитирани студиски програми на првиот, вториот и третиот циклус студии на Факултетот се меѓународно компатибилни. Содржината на студиските програми е осмислена и опишана така што е релевантна за целта на програмата и води кон постигнување на резултатите од учењето, овозможувајќи им на студентите да се стекнат со академски знаења и со преносливи вештини што влијаат врз нивниот личен и професионален развој. Факултетот организира студии на три циклуси: прв циклус - додипломски студии во траење од четири години (240 ЕКТС), втор циклус - постдипломски едногодишни студии (60 ЕКТС) и трет циклус - докторски студии (180 ЕКТС).

На првиот циклус студии се изведуваат студиските програми: Поледелство, Заштита на растенијата – Фитомедицина, Градинарство и цвеќарство, Овоштарство, лозарство и винарство, Анимално производство, Производство и преработка на земјоделски производи и храна, Агроекономика, Агроекологија, Квалитет и безбедност на храна, Хортикултура и Дигитално земјоделство.

На вториот циклус студии се изведуваат студиските програми: Одржливи технологии во поледелството, Лозарство и винарство, Одржливо овоштарско производство, Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам, Менаџмент на почви и води, Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството, Преработка на овошје и зеленчук, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика и рурален развој, Одржливо анимално производство и Фитомедицина.

На третиот циклус студии се изведуваат студиските програми: Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на земјоделски производи и Заштита на растенијата - Фитомедицина.

Во секоја студиска програма целите се јасно утврдени и фокусирани кон студентот, а за секоја програма се дефинирани дескрипторите на квалификациите со кои студентот се стекнува по завршувањето на образовниот циклус. Структурата на студиските програми е поставена така што основните природно-научни и општо-стручни предмети претходат на стручните и специјализираните предмети во повисоките години, а предметите во рамките на ист семестар се содржински усогласени и меѓусебно се надополнуваат. Оптоварувањето на студентот е изразено во ЕКТС-кредити, со 60 кредити по учебна година на сите циклуси студии, а секоја програма комбинира задолжителни предмети, со кои се обезбедува заедничкото јадро на квалификацијата, и изборни предмети, преку кои студентот го профилира сопствениот образовен пат. Исходите од учењето за секоја програма се изведени од дескрипторите на квалификациите и се операционализирани преку компетенциите утврдени во поединечните предметни програми, а се проверуваат преку методите на оценување дефинирани за секој предмет и преку практичната и теренската настава и стручната пракса. На тој начин содржината на програмите е директно поврзана со профилот на дипломираниот студент и со потребите на работните места за кои тој се квалификува.

Преку студиските програми студентите се стекнуваат со стручни и технички вештини во соодветната област (познавање и примена на производните технологии, лабораториска и теренска работа, ракување со опрема и работа со биолошки материјал, со аналитички и истражувачки вештини) поставување и изведување експеримент, собирање, обработка и статистичка анализа на податоци, толкување и презентирање на резултатите; со дигитални вештини: работа со специјализиран софтвер, бази на податоци и дигитални алатки применливи во земјоделството, како и со преносливи вештини: решавање проблеми, критичко расудување, писмена и усна комуникација, тимска работа и способност за самостојно учење. Стекнувањето на овие вештини е распоредено низ циклусите, при што на првиот циклус тежиштето е на стручните и техничките компетенции, а на вториот и третиот циклус на истражувачките и на самостојната научна работа.

Решенијата за акредитација и решенијата за почеток со работа за сите студиски програми се објавени на веб-страницата на Факултетот (http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/akreditacii-novi.html и http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/resenie-za-akreditacija-i-pocetok-so-rabota-na-novi-sp.html).

Прилози

2.2.А Прв циклус студии Поледелство
2.2.Б Прв циклус студии Заштита на растенијата-Фитомедицина
2.2.В Прв циклус студии Градинарство и цвеќерство
2.2.Г Прв циклус студии Овоштарство, лозарство и винарство
2.2.Д Прв циклус студии Анимално производство
2.2.Ѓ Прв циклус студии Производство и преработка на земјоделски производи и храна
2.2.Е Прв циклус студии Агроекономика
2.2.Ж Прв циклус студии Агроекологија
2.2.З Прв циклус студии Квалитет и безбедност на храна

2.2.S Прв циклус студии Хортикултура
2.2.И Прв циклус студии Дигитално земјоделство
2.2.J Втор циклус студии Одржливи технологии во поледелството
2.2.К Втор циклус студии Лозарство и винарство
2.2.Л Втор циклус студии Одржливо овоштарско производство
2.2.Љ Втор циклус студии Технологија на производи од анимално потекло и нутриционизам
2.2.М Втор циклус студии Менаџмент на почви и води
2.2.Н Втор циклус студии Одржливи технологии во градинарството и цвеќарството
2.2.Њ Втор циклус студии Преработка на овошје и зеленчук
2.2.О Втор циклус студии Квалитет и безбедност на храна
2.2.П Втор циклус студии Агроекономика и рурален развој
2.2.Р Втор циклус студии Одржливо анимално производство
2.2.С Втор циклус студии Фитомедицина
2.2.Т Трет циклус студии Растителна биотехнологија
2.2.Ќ Трет циклус студии Анимална биотехнологија
2.2.У Трет циклус студии Агроекономика
2.2.Ф Трет циклус студии Менаџмент на природни ресурси и животна средина во земјоделството
2.2.Х Трет циклус студии Квалитет и безбедност на земјоделски производи
2.2.Ц Трет циклус студии Заштита на растенијата-Фитомедицина

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Студиските програми се дизајнирани да одговорат на развојните потреби на општеството и на економијата и на глобалните трендови во земјоделството и во производството на храна. Како приоритетни потреби на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија се препознаени адаптацијата на земјоделството кон климатските промени, безбедноста и квалитетот на храната, одржливото управување со почвените и со водните ресурси, дигитализацијата на земјоделското производство, конкурентноста на агро-прехранбениот сектор, руралниот развој и надминувањето на недостигот од стручен кадар во секторот. Студентите се подготвуваат да одговорат на потребите на приватниот и на јавниот сектор, да се вклучат во процесите на примарно земјоделско производство и производство на храна и да предводат развојни проекти.

Во согласност со Законот за високото образование, во Одборот за соработка и доверба со јавноста членуваат претставници на Факултетот и претставници на деловната заедница од областите на студиските програми. Мислењето на Одборот за подобноста на студиската програма на развојните потреби на општеството и економијата е задолжителен дел од постапката за акредитација пропишана со Упатството на Универзитетот и е вградено во секој елаборат. Сите акредитирани студиски програми на сите циклуси студии имаат добиено позитивно мислење од Одборот (Прилог 1.3.Ѓ). Во извештајниот период Одборот одржа седница на 17 декември 2025 година, на која ги разгледа елаборатите за повторна акредитација и даде писмено позитивно мислење за сите шест студиски програми на трет циклус докторски студии: Анимална биотехнологија, Заштита на растенијата – фитомедицина, Квалитет и безбедност на земјоделски производи, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животната средина во земјоделството, Растителна биотехнологија и Агроекономика. Мислењата се дадени по разгледување на содржината на програмите од аспект на нивната подобност за развојните потреби на општеството и на економијата, со што учеството на Одборот во постапката за акредитација има суштинска, а не само формална функција.

Преку Центарот за кариера континуирано се одржуваат средби со деловната заедница и со институциите како главни чинители во развојот на земјоделско-прехранбениот сектор. Одговор на изразените потреби на секторот е и одлуката на Наставно-научниот совет за формирање работна група за акредитација на студиската програма Пчеларство на англиски јазик на втор циклус академски студии, со што е започната постапката за изработка на елаборатот.

Прилози
2.3.А - Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18)
2.3.Б Одлука на Наставно-научниот совет за формирање работна група за акредитација на студиската програма Пчеларство на англиски јазик на втор циклус академски студии
Сите елаборати на студиските програми се дадени во Прилог 2.2.

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите.	

Студиските програми се изработуваат и ревидираат со вклучување на релевантните носители на интереси преку институционалните органи и тела на Факултетот. Вклученоста на студентите се обезбедува преку нивните претставници во Наставно-научниот совет, кој ги разгледува и усвојува елаборатите, како и преку нивното членство во Комисијата за самоевалуација и во Советот за квалитет.

Вклученоста на деловната заедница се остварува преку Одборот за соработка и доверба со јавноста, кој дава писмено мислење за елаборатите за акредитација и повторна акредитација, а тоа мислење е составен дел од документацијата за акредитација. Составот на Одборот беше обновен во текот на извештајниот период, а претставник од стопанството е вклучен и во Советот за квалитет. Учеството на деловната заедница, според тоа, се реализира преку формализирани механизми во рамките на органите и телата на Факултетот, а не преку одделни консултативни состаноци со поединечни компании.

Во извештајниот период предмет на постапка за повторна акредитација беа шест студиски програми на трет циклус докторски студии: Анимална биотехнологија, Заштита на растенијата – фитомедицина, Квалитет и безбедност на земјоделски производи, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животната средина во земјоделството, Растителна биотехнологија и Агроекономика. На седницата одржана на 17 декември 2025 година Одборот ги разгледа сите шест елаборати и за секој даде позитивно мислење, без забелешки. Бидејќи станува збор за повторна акредитација, основната структура, целите и исходите од учењето се задржани, а измените се однесуваат на ажурирање на списокот на ментори и на податоците за наставниот кадар и на осовременување на литературата. Во овие постапки беа вклучени осум студентски претставници и три стопански субјекти (Прилог 2.4.А и Прилог 2.4.Б). Во академската 2024/2025 година не беа спроведувани постапки за изработка или повторна акредитација на студиски програми. Во 2025/2026 година е започната постапка за акредитација на нова студиска програма Пчеларство на англиски јазик на втор циклус академски студии, за која Наставно-научниот совет формира работна група; постапката не беше завршена до крајот на извештајниот период.

Дополнителна повратна информација од професионалната средина се обезбедува преку практичната настава и стручната пракса, при што домаќинот изготвува извештај со оцена и препораки за студентот, како и преку ангажирањето стручњаци од практиката во наставата.

Прилози

2.4.А Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми

2.4.Б Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми

2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.

При структурирањето на секоја студиска програма се применуваат искуствата на реномирани универзитети од областа на земјоделството и храната, со цел меѓународна препознатливост на програмите. Во сите предметни програми во елаборатите е прикажана основната и дополнителната литература, од актуелен датум и од признати автори од соодветната област. Речиси во секоја предметна програма на прв циклус студии, во дополнителна литература е вклучена странска литература, а во предметните програми на втор и трет циклус студии е внесена и како основна литература.

При изработката на елаборатите студиските програми се споредуваат со сродни програми на универзитети рангирани на меѓународни листи, меѓу кои Универзитетот во Вагенинген (Холандија), Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала (Шведска), Универзитетот во Милано (Италија), Чешкиот универзитет за животни науки во Прага (Чешка), Универзитетот во Хохенхајм (Германија), Земјоделскиот универзитет во Атина (Грција) и Агрономскиот факултет при Универзитетот во Загреб (Хрватска). Споредбата се однесува на структурата и траењето на студиите, распределбата на ЕКТС-кредитите, дефинираните исходи од учењето, односот меѓу задолжителните и изборните предмети, обемот и организацијата на практичната и теренската настава и на користената литература. Целосниот преглед на референтните програми што се користени при изработката на секоја студиска програма е даден во соодветниот елаборат (Прилог 2.2).

На одредени предметни програми се ангажирани наставници од други единици на Универзитетот (Маркоски Ѓорѓи - ПМФ, Ристе Попески Димовски - ПМФ, Лазо Пендовски - ФВМ, Владимир Каранаков - ФДТМЕ, Билјана Наумоска Саракинска - ФЛФ Блаже Конески, Слободан Калаџиски, Весна Димитриевска Ристовска, Сашо Граматиков -

ФИНКИ, Минчев Иван - ШФ Ханс Ем, Славица Новачевска - ФЗОСЗ и други).
Во извештајниот период надворешната експертиза е систематски вградена во наставата преку ангажманот на истакнати стручњаци од практиката. Во академската 2024/2025 година, со две одлуки на Ректорската управа, ангажирани се 10 стручњаци од практиката со вкупно 22 ангажмани по предметни програми, а во академската 2025/2026 година, исто така со две одлуки, 18 стручњаци со вкупно 45 ангажмани по предметни програми, со утврдени студиски програми, семестар и број на часови по ангажман (Прилог 2.5.А). Покрај тоа, Факултетот ангажира визитинг-наставници со одлуки за одобрение донесени од Универзитетот.
Во извештајниот период во наставниот процес беа вклучени наставници и истражувачи од странство. Во академската 2024/2025 година тоа беа: Хосеин Азади (Универзитет во Гент, Белгија), Кирил Д. Христовски (Arizona State University, САД), Зорица Средојевиќ (Земјоделски факултет, Универзитет во Белград, Србија), Миљан Цветковиќ и Мирела Кајкут Зељковиќ (Земјоделски факултет, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина), Ружица Лончариќ и Зденко Лончариќ (Факултет за агробиотехнички науки „Јосип Јурај Штросмаер“, Универзитет во Осиек, Хрватска), Теодора Михова и Борјана Стефанова (Research Institute of Mountain Stockbreeding and Agriculture, Бугарија), Теодора Јанева (Institute of Food Preservation and Quality, Пловдив, Бугарија), Светлана Костиќ, Тамара Јовановиќ и Марија Панкалујиќ (Земјоделски факултет, Универзитет во Белград, Србија) и Андреас Дрихоутис (Земјоделски универзитет во Атина, Грција). Во академската 2025/2026 година тоа беа: Хосеин Азади (Универзитет во Гент, Белгија), Фотис Пападемас (Универзитет за технологија на Кипар), Андреас Дрихутис (Земјоделски универзитет во Атина, Грција), Јака Жгајнар (Биотехнички факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија), Марко Петек, Томислав Каражија и Дубравка Мандушиќ (Агрономски факултет, Универзитет во Загреб, Хрватска), Лазар Павиќ (Факултет за логистика, Универзитет во Марибор, Словенија), Драгана Божиќ (Земјоделски факултет, Универзитет во Белград, Србија) и Алеш Грегорц (Факултет за земјоделство и науки за животот, Универзитет во Марибор, Словенија). Во рамките на предметните програми и на активностите на Центарот за кариера се одржуваат предавања од претставници на домашни компании и од претставници на универзитети од странство.

Прилози
2.5.А Одлуки за давање согласност за ангажирање стручњаци од практиката од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024, 2025 и 2026 година
2.5.Б Одлуки за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024, 2025 и 2026 година
Сите елаборати на студиските програми се дадени во Прилог 2.2.

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Студирањето на Факултетот е усогласено со Болоњскиот процес и со Европскиот кредит-трансфер систем, а напредувањето на студентите се вреднува според освоените ЕКТС-кредити. Еден ЕКТС-кредит одговара на 30 часа ангажман на студентот, а за секоја предметна програма кредитите се распределени на часови за предавања, вежби, семинари, практична работа, индивидуална работа и самостојно учење. 60 ЕКТС-кредити претставуваат оптимален обем на оптовареност за една академска година. Оптоварувањето изнесува 240 ЕКТС на прв циклус студии, 60 ЕКТС на втор циклус и 180 ЕКТС на трет циклус студии. Очекуваното оптоварување му овозможува на студентот да учествува и во надворешни активности во текот на студиите.
Практичната настава е задолжителен и составен дел од студиските програми на прв циклус студии кога тоа е пропишано со акредитацијата на студиската програма. Со Упатството за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии, донесено од Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Факултетот („Универзитетски гласник“ бр. 450/2019, 547/2021 и 702/2024), стручната пракса е прецизно валоризирана во оптоварувањето на студентот: се запишува во осмиот семестар, се вреднува со 4 ЕКТС-кредити и се реализира во времетраење од 45 работни часови, што е еквивалентно на 60 наставни часови. Стручна пракса

може да запише студент кој освоил најмалку 120 ЕКТС-кредити. Упатството се применува од учебната 2026/2027 година. Стручната пракса ја организира Факултетот и се реализира кај правно лице со кое Факултетот има потпишано договор или меморандум за соработка, на Опитното поле на Факултетот и/или во институтите на Факултетот, при што дејноста на домаќинот мора да биде сродна или блиска со стручниот профил на студиската програма. Евиденцијата на правните лица кај кои студентите можат да реализираат стручна пракса се води во Центарот за кариера на Факултетот. Студентите можат и самите да предложат домаќин, при што предлогот се доставува преку носителот на стручната пракса до раководителот на Центарот за кариера. Одговорностите се јасно распределени. За планирањето и организирањето на стручната пракса одговараат раководителот на Центарот за кариера и носителот на стручната пракса. На секоја студиска програма се назначуваат најмалку двајца носители на стручна пракса, најдоцна до почетокот на учебната година во која се запишува праксата, а бројот на запишани студенти кај еден носител во една академска година не смее да надмине 30. Домаќинот на стручната пракса определува координатор, одговорен за водење, насочување и следење на студентот и за изготвување на извештајот за реализираната пракса. Студентот се упатува кај домаќинот со упатно писмо од Факултетот. Реализацијата на стручната пракса се следи и вреднува преку три инструмента. Студентот води Дневник за реализирана стручна пракса, во кој за секој ден поминат на пракса се внесуваат опис на извршените задолженија, датум и број на работни часови, а на крајот вкупниот број реализирани работни часови, со потписи на домаќинот, на студентот и на носителот на стручната пракса. Домаќинот изготвува Извештај од домаќин на стручна пракса, во кој координаторот го оценува студентот по десет критериуми - работен ангажман, квалитет на извршената работа, примена на теоретски знаења, решавање проблеми, донесување одлуки, тимска работа, комуникациски вештини, мотивираност и одговорност, организациски вештини и самостојност при извршување задачи – на тристепена скала, со простор за коментари и препораки. Студентот усно ја изнесува презентацијата на активностите и резултатите од стручната пракса. Врз основа на трите инструмента носителот на стручната пракса ја утврдува оценката и ја внесува во индексот, во пријавата и во системот iKnow. Студент кој не ја реализирал или не добил преодна оцена ја презапишува стручната пракса во следниот летен семестар. Покрај стручната пракса, во извештајниот период редовно се реализира и практична и теренска настава во соработка со повеќе институции и компании од земјоделско-прехранбениот сектор. Меѓу нив се Агенцијата за храна и ветеринарство, фабриката „КИМ“ во Неготино, кланицата „Агриа“ во Велес, „Алијанса“, „Пивара“, ГД „Тиквеш“ во Кавадарци и други компании. Активностите се реализирани во рамките на предмети и области поврзани со квалитетот и безбедноста на храната, преработката на овошје и зеленчук, технологијата на месо и други стручни содржини, со што студентите имаат можност стекнатите теоретски знаења да ги применат во реална работна средина. Изведувањето на практичната настава е документирано со формулар со потписи на студентите и со извештај од предметните наставници, односно од менторот од институцијата. Во академската 2024/2025 година практична настава реализирале 42 студенти на прв циклус студии, а во надворешни активности учествувале 24 студенти; во академската 2025/2026 година практична настава реализирале 46 студенти, а во надворешни активности учествувале 31 студент (Прилог 2.6.А). Во летниот семестар од академската 2024/2025 година практичната настава во компании беше организирана за шест предметни програми, кај девет домаќини од стопанството и од јавниот сектор, со вкупно 127 реализирани часови, при што за секоја група беа определени ментор од домаќинот и ментор од Факултетот (Прилог 2.6.Д). Во академската 2025/2026 година, во рамките на проектна соработка, дванаесет студенти од втора, трета и четврта година поминаа две дводневни обуки, три теренски посети на производствени капацитети и директно учество во триесет лабораториски анализи. Факултетот има склучено меморандуми за соработка за студентска пракса со компании од областа на земјоделството и храната. Центарот за кариера посредува меѓу студентите и компаниите и обезбедува информации за практикантство и за можностите за професионален развој.	
Прилози 2.6.А Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности 2.6.Б Упатство за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје 2.6.В Образец „Извештај од домаќин на стручна пракса“ 2.6.Г Образец „Дневник за стручна пракса“ 2.6.Д Извештаи од реализирана практична и теренска настава 2.6.Ѓ Линк до Центар за кариера http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/centar-za-kariera.html	
2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2]

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	

Информациите за студиските програми на сите три циклуси студии се објавени на веб-страницата на Факултетот и кореспондираат со официјалните записи. Програмите се изведуваат на македонски јазик и информациите се објавени на тој јазик.

Дополнително, на веб-страницата се објавени Водич за студирање на прв циклус студии и Водич за студирање на втор циклус студии, решенијата за акредитација и за почеток со работа на студиските програми, конкурсите за запишување за трите циклуси студии, распоредот на часови, термините за консултации и за испити и темите за дипломски, магистерски и докторски работи.

Кореспонденцијата помеѓу објавените информации и официјалните записи е обезбедена и во делот на наставниот кадар по предметни програми. Прегледот на ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар, донесен од Наставно-научниот совет за секоја учебна година, ја утврдува распределбата на наставниците и соработниците по предмети и по студиски програми и е објавен на веб-страницата на Факултетот, посебно за прв и за втор циклус студии, со сите измени и дополнувања донесени во текот на учебната година. Со тоа информацијата за носителите на предметните програми објавена на веб-страницата произлегува непосредно од актот на Наставно-научниот совет и се ажурира истовремено со неговите измени.

Прилози

2.7.А Линк до објавените информации за студиските програми на прв циклус студии
2.7.Б Линк до објавените информации за студиските програми на втор циклус студии
2.7.В Линк до објавените информации за студиските програми на трет циклус студии
2.7.Г Водич за студирање на прв циклус студии
2.7.Д Водич за студирање на втор циклус студии
2.7.Ѓ Преглед на ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар на прв циклус студии
2.7.Е Преглед на ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар на втор циклус студии

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

Акредитација или повторна акредитација на сите активни студиски програми на Факултетот се врши на секои пет години. Во извештајниот период се изготвени елаборатите за повторна акредитација на сите шест студиски програми на трет циклус докторски студии: Анимална биотехнологија, Заштита на растенијата - фитомедицина, Квалитет и безбедност на земјоделски производи, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животната средина во земјоделството, Растителна биотехнологија и Агроекономика. Ревизијата опфати ажурирање на списокот акредитирани ментори, ажурирање на податоците за наставниот кадар и осовременување на основната и дополнителната литература во предметните програми, додека структурата, целите и исходите од учењето на програмите се задржани. Постапката и учеството на засегнатите страни во неа се опишани кај индикаторот 2.4. Во академската 2024/2025 година не беа спроведувани постапки за ревизија на студиски програми. Информациите за сите акредитирани студиски програми се објавени на веб-страницата на Факултетот и се достапни за сите заинтересирани страни (Прилог 2.2).

Изведувањето на наставата се следи континуирано. Наставата се спроведува според утврден календар на активности и распоред на часови, објавени на веб-страницата, а распределбата на наставниците и соработниците по предмети произлегува од Прегледот на ангажираност донесен од Наставно-научниот совет за секоја учебна година. Измените во студиските програми извршени по ревизијата се пресликуваат во прегледот, кој се менува и дополнува во текот на учебната година. За следењето на редовноста на наставата се користи Формулар за следење на редовност на наставата на студентите на прв циклус студии, во кој за секој час се внесуваат предметот, семестарот и учебната година, датумот на одржаното предавање, видот на наставата, тематската единица и наставникот, а студентите се потпишуваат со број на индекс, име и студиска програма. Формуларите на крајот од секој семестар се доставуваат до продеканот за настава. Воведен е унифициран индивидуален семестрален образец за извештај за спроведена настава за сите циклуси студии, што наставниот кадар задолжително го поднесува по завршувањето на семестарот. Дополнително, годишниот извештај за сопствените резултати станува

задолжителен за секој член на единицата.
Изведувањето на наставата е предмет и на оценување од страна на студентите преку анкета во секој семестар. Резултатите се обработуваат по наставник и по предмет и се доставуваат до предметните наставници, а наодите од анализата водат кон конкретни мерки, што е прикажано кај индикаторот 1.5. За активностите што се преземаат врз основа на ревизијата се информираат Наставно-научниот совет, Советот за квалитет и претставниците на студентите.

Прилози
2.8.А Образец „Извештај за спроведена настава на прв циклус студии“
2.8.Б Решенија за акредитација и за почеток со работа на студиските програми - http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/akreditacii-novi.html и http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/resenie-za-akreditacija-i-pocetok-so-rabota-na-novi-sp.html

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

Статистичките податоци за бројот на студиски програми и предмети, за бројот на запишани студенти, за просечните оценки и за бројот и причините за напуштање на студиите редовно се следат и се анализираат по студиски програми, со цел да се согледаат состојбите и да се преземат мерки. Просечните оценки по поединечни предмети, за сите студиски програми и циклуси студии, се прикажани во Прилог 2.9.Б, а збирните статистички показатели во Прилог 2.9.А.
Во академската 2024/2025 година на прв циклус студии се изведувале 11 студиски програми со 219 предмети, а на втор циклус 11 студиски програми со 146 предмети. Истиот обем е задржан и во академската 2025/2026 година. Вкупниот број запишани студенти изнесува 295 во академската 2024/2025 и 270 во академската 2025/2026 година. Разликите во бројот на студенти во одделни статистички прегледи произлегуваат од различната административна основа на евидентирање, вклучително повторно запишување семестри и преминување од претходно акредитирани на новоакредитирани студиски програми. Бројот на новозапишани студенти во прва година е релативно константен (75, односно 72), но незадоволителен во однос на наставните и просторните капацитети на Факултетот. Истовремено, бројот на студенти во втора година е зголемен од 38 на 46, а во трета година од 27 на 34, што укажува на подобрена проодност во средните години на студирање.
Просечната оценка на прв циклус студии е зголемена од 8,27 во академската 2024/2025 на 8,47 во академската 2025/2026 година, а на втор циклус студии од 9,37 на 9,63. Повисоките просечни оценки на втор циклус се очекувани со оглед на помалиот број студенти, претходната селекција при запишувањето и повисоката специјализираност на програмите (Прилог 2.9.А). Кај предметите за кои во статистичкиот преглед не е прикажана просечна оценка, во соодветната академска година не постоела основа за нејзино пресметување, бидејќи предметот не бил избран од студентите или не било реализирано полагање. Поради тоа, празните полиња не претставуваат недостасувачки податоци, туку отсуство на реализирана основа за пресметување на показателот.
Во академската 2024/2025 година студиите ги напуштиле 12 студенти. Како причини за напуштање се наведени отсуство на интерес за областа (50%), вработување (25%), други причини (16,7%) и оптовареност на програмата (8,3%) (Прилог 2.9.В). Во академската 2025/2026 година ниту еден студент не ги напуштил студиите. Дополнително е воведена електронска база на податоци за испишани студенти и е предвидена анализа на причините за испишувањето, со што следењето на овој показател станува системско.

Прилози
2.9.А Статистички податоци
2.9.Б Просечни оценки по предмети
2.9.В Причини за напуштање на студиите

Стандард 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
Индикатор	**Документација**
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.

На Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје се воспоставени внатрешни механизми за обезбедување и унапредување на квалитетот на студиите, подетално опишани кај Стандард 1, индикатор 1.1. Во обезбедувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес учествуваат Наставно-научниот совет, Деканатската управа, деканот и продеканите, раководителите на институтите, координаторите и раководителите на студиските програми од прв, втор и трет циклус, соодветните комисии, како и наставниот, соработничкиот и помошниот кадар.

Студиите се реализираат во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Статутот на Факултетот и другите релевантни акти, како и со принципите на Болоњскиот процес. Наставата се изведува согласно акредитираните студиски програми, со примена на различни форми на теоретска и практична настава насочени кон активно учество на студентите и стекнување знаења, вештини и компетенции релевантни за нивната идна професионална работа. Правилата на студирање на прв и на втор циклус студии се уредени со Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии и на втор циклус студии.

Посебно значење има практичната настава и стручната пракса, преку кои студентите стекнатите теоретски знаења ги применуваат во реални работни услови. Со донесеното Упатство за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии, се уредуваат начинот и постапката за реализација на стручната пракса, одговорните лица и менторите, обврските на студентите, изборот на домаќин на практиката, како и начинот на следење и вреднување на нејзината реализација**.** Согласно Упатството, стручната пракса е составен дел од студиските програми на прв циклус кога е предвидена со акредитацијата и е насочена кон примена на теоретските знаења и стекнување професионални вештини и компетенции. За реализацијата на практиката се воспоставува јасна распределба на одговорностите меѓу Центарот за кариера, раководителите на стручната пракса (менторите), домаќинот на практиката и студентот. Следењето на реализацијата опфаќа дневник на студентот, извештај од домаќинот и презентација на реализираната стручна пракса. Упатството е предвидено да се применува од учебната 2026/2027 година, со што се воспоставува појасна и единствена постапка за организација, реализација, следење и вреднување на стручната пракса на студентите на прв циклус студии

Активното учество на студентите во креирањето на процесот на учење е документирано со конкретни примери. Студентите се изјаснуваат за квалитетот на наставата преку студентската анкета, спроведена во сите четири семестри од извештајниот период. Резултатите се обработуваат по наставник и по предмет и се доставуваат до предметните наставници. Факултетското студентско собрание во соработка со управата и наставниот кадар, го реализирше настанот „Студентите предаваат, професорите слушаат“, наменет за мотивирање на студентите за активно учество во процесот на учење, како и можност студентите да ги искажат своите видувања за потребите од воведување измени и/или подобрување на одредени предметни програми. Во насока на поттикнување на активното учество на студентите во наставно-образовниот процес, развивање на нивните истражувачки, презентациски и комуникациски вештини и промовирање на студентската научноистражувачка работа, Факултетот традиционално организира Смотра на студентски трудови. На 12.12.2024 година, по повод одбележувањето на јубилејот на Факултетот, беше одржана 15. Смотра на студентски трудови, на која беа презентирани вкупно осум трудови, од кои седум од студенти на ФЗНХ при УКИМ и еден од студент на Биотехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. На сите учесници им беа доделени сертификати за учество, а трите најдобри студентски трудови беа дополнително наградени.

Континуитетот на оваа активност продолжи и со одржувањето на 16. Смотра на студентски трудови на 15.12.2025 година, на која беа презентирани пет трудови од студенти на прв циклус студии на ФЗНХ. Во рамките на одбележувањето на јубилејот на Факултетот, за првпат беше организиран и Квиз на знаење за студентите на прв циклус студии. На квизот учествуваа 12 студенти од прва до четврта година на студии. На сите учесници на Смотрата и на Квизот им беа доделени сертификати, а најуспешните учесници добија пригодни награди обезбедени од Факултетот и од претставници на стопанството. Со овие активности студентите се поттикнуваат

активно да ги применуваат и презентираат стекнатите знаења, да развиваат истражувачки и комуникациски вештини и да учествуваат во академски активности надвор од редовната настава.
Претставници на студентите се членови на Наставно-научниот совет, на Комисијата за самоевалуација и на Советот за квалитет и учествуваат во разгледувањето на наодите и во предлагањето мерки.

Прилози
3.1.А Акти и документи на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.

Студиите од прв циклус се изведуваат во текот на четири години, односно осум семестри, со по четири задолжителни и еден изборен предмет во семестар, при што студентите се стекнуваат со 240 ЕКТС-кредити. Студиите на втор циклус се едногодишни, со задолжителни и изборни предмети во два семестра и 60 ЕКТС-кредити. Студиите од трет циклус опфаќаат активна истражувачка работа под менторство, траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС-кредити. Деталните информации за начинот на изведување на наставата, целите, исходите од учењето, условите за напредување, начинот на проверка на знаењата, структурата, содржината и начинот на реализација на студиските програми се содржани во елаборатите на студиските програми, дадени во Прилог 2.2.
Наставата се реализира со примена на мноштво педагошки методи, приспособени на циклусот на студии, на природата на предметната програма и на составот на студентската група. Покрај интерактивните предавања поддржани со компјутерски и видеопрезентации, застапени се работа во помали групи, дискусии, игри на улоги и симулации на реални работни и деловни ситуации, студии на случај, проектни и семинарски задачи, лабораториски и теренски вежби, самостојна и менторирана истражувачка работа и консултации во помал состав. Проверката на знаењето се врши преку квизови, парцијални тестови и завршен испит, усмен и/или писмен. Примената на овие методи по конкретни области е прикажана кај индикаторот 3.3. Како илустрација, кај предметните програми од областа на агроекономиката анализата на студии на случај се изведува врз реални податоци и со сопствени пресметковни алатки, дополнета со гостински предавања од стопанството, додека кај предметите од областа на дигиталното земјоделство и фенотипизацијата студентите работат со податоци од термални и мултиспектрални камери и со софтвер за анализа на слики, во лабораториски и во полски услови.
Почитувањето на различноста на студентите е вградено и во актите. Со Упатството за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии, носителот на стручната пракса има изречна обврска, доколку е потребно, да ја приспособи програмата за стручна пракса за студенти со посебни потреби. Со истото Упатство на студентот му е овозможено сам да го избере домаќинот и времето на реализација на праксата, во договор со носителот и со домаќинот, а праксата може да се изведува во текот на семестарот и/или во летниот период, земајќи ги предвид спецификите на секоја студиска програма.
Флексибилноста на пристапот се обезбедува преку континуиран пристап до наставните материјали надвор од редовната настава, како интерактивни мултимедијални презентации, едукативни видеа и материјали достапни преку платформата Microsoft Teams и преку веб-страницата на Факултетот, со што на студентите им се овозможува повторно да ги совладаат содржините со сопствено темпо. Наставата секоја учебна година се приспособува на предзнаењата, потребите и интересите на конкретната генерација и група, со различни пристапи и активности за различни групи по ист предмет.
Приспособувањето на наставата е документирано преку индивидуалните годишни извештаи на наставниот кадар, во кои секој наставник ги пријавува новините воведени во наставните материјали, во методите на предавање и во методите на оценување. Бројот на наставници кои воведуваат новини и иновации во рамките на своите предметни програми постојано се зголемува. Најзастапени се визуелизацијата и мултимедијалните содржини, дигиталните алатки и софтвери, интерактивните квизови за проверка на знаењето, студиите на случај и проектното учење.

Прилози

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.

на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	

Адаптацијата на начините на изведување на наставата се врши редовно и систематски и се документира преку индивидуалните годишни извештаи на наставниот кадар. Порастот на бројот на наставници што пријавуваат иновации е евидентен и покажува дека приспособувањето на наставата е воспоставена практика на ниво на установа, а не изолирана иницијатива на поединци.

Во извештајниот период адаптацијата на наставата е поддржана со низа конкретни мерки. За наставниот кадар се спроведени пет обуки: „Стратегии и техники на поучување" (25 април 2025 година), „Од податоци до знаење: вештачка интелигенција во образованието и науката" (28 април 2025 година), семинар за научен пристап базиран на емпириски докази, наменет за студентите од втор и трет циклус и за младите истражувачи (20 октомври 2025 година, 14 учесници), обука за подготовка и пријавување меѓународни проекти од европски фондови (8 мај 2026 година, 15 учесници) и обука за дигитализација на наставно-образовниот процес, со теми персонализирано учење, учење преку игра и симулација, превртена училница, виртуелни и далечински лаборатории и отворени платформи и алатки за развој на интерактивни мултимедијални материјали (25 јуни 2026 година, 25 учесници). На првите две обуки присуствувале најмалку 60% од вработените на единицата.

Воведен е унифициран индивидуален семестрален образец за извештај за спроведена настава за сите циклуси студии, утврден од Комисијата за настава на 14 април 2025 година и применуван од летниот семестар на академската 2024/2025 година, а дополнително е воведен и задолжителен годишен извештај за сопствените научноистражувачки и апликативни резултати на секој член на наставно-научниот кадар, со што евидентирањето на новините во наставата станува системско. Извршена е модернизација на постојните акредитирани лаборатории преку набавка и инсталирање опрема и преку обуки за нејзино користење. Во соработка со Факултетското студентско собрание е реализиран настанот „Студентите предаваат, професорите слушаат" (4 јуни 2025 година), а практичната настава е воведена како задолжителен предмет за сите студенти на прв циклус студии.

Учење ориентирано кон студентот и интерактивна настава. Кај најголем дел од предметните програми еднонасочното предавање е заменето или дополнето со активни методи: интерактивни предавања со вклучување на студентите во дискусија, работа во групи, игри на улоги и симулации на реални деловни ситуации, како и вежбање на давање и примање конструктивна повратна информација меѓу самите студенти. За проверка на разбирањето непосредно по обработената содржина се користат кратки интерактивни квизови и анонимни тестови на знаење, чија цел е наставникот навремено да ги идентификува наставните единици кај кои постигањата се послаби и да го приспособи натамошниот тек на наставата.

Студии на случај и проблемски базирано учење. Студиите на случај се редовна компонента на наставата кај предметните програми од областа на агроекономиката, заштитата на растенијата, технологијата на земјоделски производи и аналитичките дисциплини, при што студентите анализираат конкретен реален случај, ги идентификуваат проблемите и предлагаат решение што го образложуваат пред групата. Кај економските предмети се користат реални податоци, е-калкулатори и сопствени пресметковни алатки, а анализата се надополнува со гостински предавања од стопанството. Според прегледот на методите на оценување, студиите на случај се применуваат кај половина од предметите.

Проектно и искуствено учење. Проектните задачи се составен дел од наставата кај повеќе предметни програми, со различен степен на самостојност во зависност од циклусот на студии – од анализа на конкретни производи и материјали, преку изработка и јавна презентација на проектна или истражувачка задача, до дизајн, организација и реализација на лабораториски и теренски експерименти. Студентите се вклучени и во истражувања што се реализираат во соработка со компании од земјоделско-прехранбената индустрија и со земјоделски производители.

Нови технологии и дигитализација на наставата. Наставата е надградена со нова инфраструктура и современи дигитални алатки: лабораторија за дигитално земјоделство со софтвери за географски информациски системи, обработка на податоци од термални и мултиспектрални камери, тридимензионално печатење и беспилотни летала; лабораторија за бихевиористичка и експериментална економија со специјализиран софтвер; демонстративни полиња на Опитното поле со автоматизирани системи за наводнување и фертиригација, метеоролошки станици и сензорски технологии, нова аналитичка опрема за изведување лабораториски вежби, како и дигитални платформи и апликации за управување со исхраната на растенијата и плодноста на почвата. Дополнително, наставата е поддржана со лаборатории за молекуларна генетика, обработка и испитување на семе, култура на растителни ткива, контролирано одгледување растенија, микроскопија и цитогенетика, фенотипизација и анализа на слики, дигитални алатки за теренско бележење и обработка на фенотипски податоци, како и конзервација, инвентаризација и документација на растителни генетски ресурси. Преку овие капацитети студентите се

запознаваат со примена на дигитални алатки, специјализирани софтвери и напредни методи за обработка и интерпретација на податоци од лабораториски, полски и контролирани експерименти, вклучувајќи дигитална фенотипизација, анализа на слики од семе, листови и растителни органи, напредна обработка на молекуларни и генотипски податоци, статистичка анализа на резултати, како и дигитално управување и документација на податоци за растителен материјал.

Развој на истражувачки вештини и одговорна употреба на вештачка интелигенција. Во наставата се воведени активности за развивање научна писменост (читање и анализа на научни трудови, препознавање на структурата на трудот и на поставената хипотеза, читање табели и графикони и основи на академско пишување со правилно цитирање). Кај дел од предметните програми воведени се и активности за одговорна употреба на алатки базирани на вештачка интелигенција при академско читање и пишување, при што студентите работат на формулирање прашања, проверка и споредба на добиените одговори со изворни научни текстови и критичко проценување на нивната точност.

Учење надвор од училницата. Наставата се изведува и вон стандардниот амбиент, преку теренска настава, посети на производни погони и на дистрибутери на земјоделска механизација, работа на Опитното поле и во производни услови, како и преку предавања на отворено.

Во наставата по одделни предмети се ангажираат стручњаци од практиката, а при компјутерските симулации, теренската настава и лабораториските вежби, на Опитното поле или во производен погон, студентите се запознаваат со конкретни случаи од практиката и предлагаат решенија. Во голем број предметни програми студентите учествуваат во сензорно оценување на земјоделски и прехранбени производи преку дегустација и го следат квалитетот во текот на постбербеното чување.

По предметот „Маркетинг на земјоделски производи“ студентите работат во тимови на анализа на определен потсектор и самостојно одлучуваат како ќе ги презентираат резултатите - со визуелни материјали, промотивни кампањи или дегустации на анализираните производи; најдобрите тимови се избираат со гласање на колегите според однапред утврдени критериуми. По предметот „Однесување на потрошувачите“ наставата се реализира во Лабораторијата за бихевиористичка и експериментална економија, прва од ваков вид на Универзитетот и во земјите од Западен Балкан. Студентите учествуваат во дизајнирање и спроведување на лабораториски и теренски економски експерименти, вклучително и во истражувања со компании од земјоделско-прехранбената индустрија, користејќи ги софтверските алатки Qualtrics и z-Tree.

По предметот „Селекција на растенијата“ на прв циклус студии студентите вршат морфолошка и агрономска карактеризација на генотипови од работната колекција со стандардизирани дескриптори, ги обработуваат добиените податоци и ја оценуваат варијабилноста во колекцијата. Во периодот на цветање следат демонстрација на контролирано вкрстување (емаскулација, изолација на цветовите, нанесување полен и означување на вкрстувањата), по што го следат создавањето на плодот и добиеното потомство, се запознаваат со критериумите за избор на индивидуи, со водењето на селекциска документација и со постапката за признавање сорта.

Конкретни иновации се документирани и во индивидуалните годишни извештаи на наставниот кадар: интерактивни квизови по „Технологија на млеко и млечни производи“ и „Принципи за квалитет и безбедност на храна“, истражувачки пристап со самопроценка по „Аналитичка хемија“, анализа на амбалажата на пет прехранбени производи по „Амбалажа и пакување на храна“, нова аналитичка опрема и работа со базите FAO Soils Portal, European Soil Data Centre и World Reference Base for Soil Resources по „Педологија“, проектно базирано учење по „Индустриски култури“, „Специјално поледелство“ и „Лековити и ароматични растенија“, симулации на работни процеси и теренски посети кај дистрибутери по предметите од земјоделската механизација, ажурирање на содржините по ентомологија со новорегистрираните видови инсекти и со измените на листата активни материи, како и воведување на одговорна употреба на алатки базирани на вештачка интелигенција при академското читање и пишување.

Следење на наставата и постапување по слабости. Редовноста на наставата се следи преку Формуларот за следење на редовност на наставата на студентите на прв циклус студии, во кој се внесуваат предметот, студиската програма, датумот и видот на одржаното предавање, тематската единица и наставникот, а студентите се потпишуваат со број на индекс и студиска програма. Формуларите се доставуваат до продеканот за настава на крајот од секој семестар. Наставниците спроведуваат и сопствени механизми за следење на ефектот од наставата: анонимни тестови и кратки квизови по обработена наставна единица, повторно навраќање на почетната задача на крајот од наставата и заедничко прегледување и корекција на изработените есеи, трудови и проектни задачи со целата генерација.

Постапувањето по слабостите утврдени со студентската анкета е документирано и мерливо. Анализата на резултатите од академската 2024/2025 година покажа дека најниско оценети аспекти се придонесот на часовите кон стекнатите знаења и вештини, интерактивноста и користењето примери и студии на случај и разновидноста на техниките за континуирано оценување. Во согласност со тие наоди реализирани се интерни обуки за наставниот

кадар и за студентите, а во академската 2025/2026 година истите аспекти бележат најголем пораст во оцените на студентите.
Бројот на поединечни евалуации со просечна оценка под 4,0 се намалува од 10 во летниот семестар на академската 2024/2025 година на 3 во летниот семестар на академската 2025/2026 година, додека бројот на евалуации со оцена 4,5 и повисока расте од 39 на 45. Просечните оценки по наставник се движат од 4,50 до 4,76 по семестар.

Прилози

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.

Методите на оценување и испитување на студентите се утврдени во елаборатите за студиските програми, за секоја предметна програма одделно (прилог 2.2.). Прегледот на застапеноста на методите на ниво на установа е даден во прилогот 3.4.А, а листата на предмети со применетите методи по предмет во прилогот 3.4.Б.
Оценувањето не се сведува на завршен испит. Покрај него, застапени се полагање на делови од материјата, есеј или труд, презентација, студија на случај, лабораториски и практични вежби, проектна задача, устен и писмен испит. При формирањето на конечната оценка се зема предвид целокупната активност на студентот во текот на семестарот. Од тестовите студентот може да освои најмногу 60 бода, од семинарска работа или проектна задача (писмена и/или усна презентација) најмногу 10 бода, а од активното учество во наставата најмногу 30 бода. Критериумите за оценување се: до 50 бода - 5 (F); од 51 до 60 бода - 6 (E); од 61 до 70 бода - 7 (D); од 71 до 80 бода - 8 (C); од 81 до 90 бода - 9 (B); од 91 до 100 бода - 10 (A).
Посебна формална алатка за оценување е воспоставена за стручната пракса. Со Упатството за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии, оценката на студентот се утврдува врз основа на три инструмента: Дневник за реализирана стручна пракса, во кој студентот за секој ден внесува опис на извршените задолженија, датум и број на работни часови, извештај од домаќинот на стручната пракса, во кој координаторот определен од домаќинот го оценува студентот по десет критериуми - работен ангажман, квалитет на извршената работа, примена на теоретски знаења, решавање проблеми, донесување одлуки, тимска работа, комуникациски вештини, мотивираност и одговорност, организациски вештини и самостојност при извршување задачи, на тристепена скала, со коментари и препораки и усна презентација на активностите и резултатите од праксата. Со тоа во оценувањето се вклучува и оценувач надвор од установата, а критериумите се однапред утврдени и еднакви за сите студиски програми. Обрасците на дневникот и на извештајот се составен дел од Упатството.
Наставниот кадар добива поддршка во развивањето на вештините за оценување преку интерни обуки реализирани во извештајниот период, кои опфаќаат и методи на континуирано оценување, што е потврдено со порастот на оцената на студентите за разновидноста на техниките за континуирано оценување од 4,43 на 4,69.

Прилози
3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа
3.4.Б Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.

Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се утврдени во елаборатите за секоја студиска програма и за секоја предметна програма и се објавени и редовно ажурирани на веб-страницата на Факултетот, во деловите за прв, втор и трет циклус студии.

http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/dodiplomski/
http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/magistarski/
http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/doktorski-studii/

Дополнително, на веб-страницата се објавени терминте за консултации и за испити и водичите за студирање на прв и на втор циклус студии. Правилата на студирање, вклучително условите за напредување и за полагање, се утврдени со Одлуката објавена во „Универзитетски гласник“ бр. 702 од 6 ноември 2024 година.

Прилози

3.5.А Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 702/2024)

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.

Просечните оценки постигнати од студентите по предмет за академските 2024/2025 и 2025/2026 година се дадени во прилозите 2.9.Б и 3.4.Б. На ниво на установа просечната оценка расте: на прв циклус студии од 8,27 на 8,47, а на втор циклус студии од 9,37 на 9,63.

По завршувањето на испитот резултатите се доставуваат до студентите најдоцна во рок од седум работни дена преку нивните активни факултетски адреси и/или се објавуваат на огласната табла. По објавувањето на оценките студентот има право на увид во начинот и методите на оценување кај предметниот наставник. Оценката се внесува електронски во системот iKnow, во индексот и во пријавата за испит поднесена од студентот. Повратната информација не се сведува на оценка: кај дел од предметните програми се применува заедничко прегледување и корекција на изработените есеи, трудови и проектни задачи со целата генерација студенти, како и самопроценка и рефлексија, при што студентите на почетокот и на крајот од наставата ја анализираат истата задача и го споредуваат почетното со новостекнатото разбирање.

Кај предметните програми што се изведуваат од двајца или повеќе наставници од иста или сродна област, полагањето на испитот се спроведува кај сите наставници ангажирани на предметот, со сопствени методи на оценување, а завршната оцена ја утврдуваат сите предметни наставници заедно. Таков е случајот кај предметните програми на прв циклус студии, меѓу кои Квалитет на почви и води, која ја изведуваат четворица наставници, Интегрална заштита на растенијата со по тројца, Генетика, Преработка на поледелски производи и Технологија на месо и преработки од месо со по двајца наставници и други (Прилог 5.3.А). Кај стручната пракса во оценувањето учествува и оценувач надвор од установата: координаторот определен од домаќинот го оценува студентот по десет утврдени критериуми и дава коментари и препораки, а носителот на стручната пракса ја утврдува конечната оцена врз основа на тој извештај, на дневникот на студентот и на усната презентација. Со тоа студентот добива структурирана повратна информација и од академскиот ментор и од работната средина.

Приспособеноста на оценувањето кон целите на предметите е потврдена и со перцепцијата на студентите: оценката за тврдењето дека наставникот користи различни техники за континуирано оценување расте од 4,43 во зимскиот семестар на академската 2024/2025 на 4,69 во летниот семестар на академската 2025/2026 година. Податоците за постигнатите оценки, проодноста на студентите и повратните информации од студентските анкети се користат за следење на ефективноста на применетите методи на оценување и за идентификување на потребата од нивно унапредување на ниво на предметна програма и студиска програма.

Прилози

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата.

Заштитата на правата на студентите и постапувањето по нивни поднесоци се уредени на ниво на Универзитет. Студентскиот правобранител, формиран заради заштита на правата на студентите, работи врз основа на Статутот на Универзитетот и Правилникот за студентски правобранител и постапува по барање на студент кога е повредено негово право од страна на лицата вклучени во наставно-образовниот процес, од факултетот или од универзитетската администрација. Постапката по приговор на оценка и по други поднесоци поврзани со студирањето е уредена со Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот и со Одлуката за правила на студирање на Факултетот,

објавена во „Универзитетски гласник“ бр. 702 од 6 ноември 2024 година.
Пријавувањето на корупција и заштитата на укажувачите се уредени со Законот за заштита на укажувачите и со Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор. На Факултетот е донесена Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите, а со Одлука бр. 02-891/5 од 15 ноември 2024 година определено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи. Двата документа се објавени на веб-страницата на Факултетот, заедно со Листата на информации од јавен карактер и со Одлуката за определување службено лице за посредување со информации.
Студентите се запознаваат со правилата и со начините на поднесување поднесоци преку повеќе канали. На почетната страница на Факултетот е поставен банер „Пријави корупција", кој води до објавената Процедура за пријава на корупција. Процедурата утврдува дека пријавата се поднесува електронски на службената електронска адреса на Факултетот, определува против кои лица може да се поднесе, што треба да содржи, гарантира анонимност на подносителот доколку тој тоа го побара и пропишува рок од 30 дена за одговор по пријавата и 60 дена за завршување на постапката. На веб-страницата е објавена и посебна страница за студентскиот правобранител со контакт-податоци, како и актите што ги уредуваат правата и обврските на студентите: Одлуката за правила на студирање, Процедурата за прием на пријави од укажувачи, Одлуката за определување овластено лице за прием на такви пријави и Листата на информации од јавен карактер. Со правилата за студирање и со постапката за приговор студентите дополнително се запознаваат преку студентската служба при запишувањето и преку претставниците на студентите во Факултетското студентско собрание. Во извештајниот период на Факултетот не се поднесени пријави за корупција од студенти.

Прилози

3.7.А Закон за заштита на укажувачите
3.7 Б Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор
3.7 В Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите
3.7 Г Овластено лице за прием на пријави од укажувачи

Стандард 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
Индикатор	**Документација**
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.
Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје има јавно достапни и усвоени прописи за сите фази од студирањето, односно запишувањето, напредувањето во текот на студиите, завршувањето на студиите и издавањето на дипломата и другите јавни исправи. Условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии се уредени со Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а за трет циклус студии – со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии. На ниво на Факултет, правилата на студирање се уредени со Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии). Постапката за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд е уредена со посебно упатство на Факултетот и со анекс кон него, а реализацијата на стручната пракса на прв циклус студии со Упатството за реализирање на стручна пракса, кое се применува од учебната 2026/2027 година. Прописите и сите информации за фазите на студирањето, условите и постапката за запишување, како и информациите за студиските програми на сите три циклуси студии, се јавно објавени на веб-страницата на Факултетот. Дипломските, магистерските и докторските теми, термините за консултации и за испити, промоцијата на дипломираните студенти и тековните соопштенија се објавуваат во соодветните делови на веб-страницата.	
Прилози 4.1.А Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 4.1.Б Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје 4.1.В Упатство за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд на втор циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје 4.1.Г Анекс кон упатството за пријавување, изработка и јавна одбрана на магистерски труд на втор циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје 4.1.Д Одлука за правила на студирање на прв циклус студии и на втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 702 од 6 ноември 2024 година) 4.1.Ѓ Упатство за реализирање на стручна пракса на прв циклус студии	
4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.
Факултетот го следи и води евиденција за напредокот на студентот во рамката утврдена со Законот за високото образование и со правилниците на Универзитетот за студирање на прв, втор и трет циклус студии. Согласно Законот за високото образование, на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, како и досие за секој студент. Формата, начинот на водење (во материјална и во електронска форма) и содржината на матичната и на главната книга ги пропишува министерот за образование и наука. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се документи од трајна вредност. Студентското досие се води во хартиена и во електронска форма и ги содржи сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето. Електронскиот систем преку кој Факултетот ја води евиденцијата и преку кој напредокот е достапен и за самиот студент е системот iKnow (https://www.iknow.ukim.mk), кој редовно се ажурира. Во него се внесуваат оценките од испитите, вклучително и оценката од стручната пракса, се пријавуваат	

испитите и се спроведуваат студентските анкети.
Покрај евиденцијата, воспоставени се и алатки за анализа и за постапување врз основа на добиените информации. Воведена е прегледна електронска база на податоци за испишани студенти и е утврдена обврска за анализа на причините за испишувањето, со што следењето на овој показател е системско. Со Формуларот за следење на редовност на наставата на студентите на прв циклус студии се следи присуството на наставата по предмет и по студиска програма, а формуларите се доставуваат до продеканот за настава на крајот од секој семестар. Проодноста по предмет се следи преку прегледот на просечните оценки и на процентот студенти што не го положиле испитот во првиот испитен рок (прилог 2.9.Б). Напредувањето кон стручната пракса е условено со освоени најмалку 120 ЕКТС-кредити, што претставува дополнителна контролна точка во следењето на напредокот. Бројот на запишани студенти во извештајниот период е повисок отколку во академската 2023/2024 година, а просечната оценка расте и на првиот и на вториот циклус студии. Податоците за бројот на студенти кои ги напуштиле студиите се следат по година на студии.

Прилози
4.2 А Линк од IKNOW системот https://www.iknow.ukim.mk
4.2.Б Статистички податоци за запишување, напредување и успех
4.2.В Просечни оценки по предмети и процент на студенти кои не го положиле испитот во првиот испитен рок

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години.

Напредувањето во текот на студиите, преминувањето од една студиска програма во друга, повторувањето на семестарот, условното напредување, признавањето на испити и други образовни активности положени на различни образовни установи, продолжувањето на студиите по прекин, како и паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање се уредени со правилниците на Универзитетот за условите и правилата за студирање на прв, втор и трет циклус студии. Признавањето се врши врз основа на Европскиот кредит-трансфер систем, така што освоените ЕКТС-кредити на друга установа се вреднуваат во студиската програма на Факултетот.
Периодите на мобилност се признаваат по истата логика. Пријавите и реализираните мобилности се евидентираат преку постапките на програмата Еразмус+ и на другите програми за мобилност, а реализираната мобилност се внесува во студентското досие што го води службата за студентски прашања. Информирањето на студентите за можностите за мобилност се врши континуирано. Конкурсите за мобилност се објавуваат на веб-страницата на Факултетот.
Постапката се применува и е документирана. Во извештајниот период признавањето е спроведено за девет студенти (двајца во академската 2024/2025 и седуммина во академската 2025/2026 година), што соодветствува со бројот на реализирани студентски мобилности во истиот период. За секој студент се евидентирани студиската програма, видот на учењето, видот на активноста, периодот, установата-организатор и бројот на признати ЕКТС-кредити.
Во академската 2024/2025 година признаени се две мобилности преку програмата ЦЕЕПУС - на студентка од студиската програма Агроекономика на Агрономскиот факултет во Загреб и на студент од студиската програма Менаџмент на животна средина на Биотехничкиот факултет во Љубљана. Во академската 2025/2026 година признаени се седум активности: четири мобилности преку ЦЕЕПУС и една преку Еразмус+, на институции во Хрватска, Словенија, Косово и Србија, и две учества на летни школи. Кај три од нив се признати соодветен број ЕКТС-кредити, додека кај останатите активноста не носела кредити, бидејќи се работело за пракса или за учество на летна школа.
Признавањето се однесува и на формалното и на неформалното учење. Од деветте евидентирани активности, седум се водат како формално, а две како неформално учење. Согласно постојната законска регулатива за високото образование не постои правна обврска за евидентирање и признавање на неформалното учење и тоа не претставува задолжителна обврска за студентите, но Факултетот го евидентира заедно со формалното во истата листа. Активностите од областа на неформалното образование што ги организира Факултетот се објавуваат на веб-страницата во соодветниот дел. Релевантните правила за признавање и напредување се дадени во прилозите 4.1.А и 4.1.Б.

Прилози
4.3.А Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	Диплома, уверение и додаток на диплома

По завршувањето на студиите студентите добиваат документација со која се појаснуваат стекнатата квалификација, компетенциите и резултатите од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на дипломата се утврдени со Законот за високото образование, а формата и содржината на секој документ со Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67 од 28 март 2025 година.

Дипломата за завршен прв циклус студии ги содржи, меѓу другото, називот на високообразовната установа и на единицата, бројот и датумот на решението за почеток со работа, видот и називот на студиската програма, нивото на квалификацијата, вкупниот број ЕКТС-кредити, просечната оценка, академскиот назив и академскиот назив за меѓународен промет, сериски број на дипломата и број и датум од главната книга на дипломирани студенти. Истата структура важи и за дипломите за втор и за трет циклус студии.

Со дипломата задолжително се издава и додаток на дипломата. Според член 8 и член 9 од Правилникот, додатокот на дипломата е документ од четири меѓусебно поврзани страници и ги содржи податоците за носителот на дипломата, за стекнатата квалификација, за нивото на квалификацијата, за содржината и резултатите од студиската програма, за системот на оценување и за правата што произлегуваат од квалификацијата, а образецот е даден во прилог кон Правилникот.

Содржината на додатокот на дипломата за секоја поединечна студиска програма е утврдена уште во постапката за акредитација. Во обрасците за елаборат за акредитација односно повторна акредитација на студиска програма за прв, за втор и за трет циклус студии, додатокот на дипломата е предвиден како Прилог бр. 5 и е составен дел од елаборатот на секоја акредитирана студиска програма на Факултетот. Со тоа податоците во издадениот додаток на дипломата кореспондираат со акредитираната студиска програма.

Документацијата што ја издава Факултетот е усогласена со важечката законска регулатива. Промоцијата на дипломираните студенти на сите студиски програми и на магистрите на земјоделски науки се спроведува со одлука на Наставно-научниот совет, а информациите за промоцијата се објавуваат на веб-страницата на Факултетот.

Прилози

4.4.А Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67 од 28 март 2025 година)

4.4.Б Додаток на диплома по студиски програми - составен дел од елаборатите за акредитација на студиските програми, (Прилог 2.2)

Стандард 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]	
Индикатор	**Документација**
5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).
Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје континуирано обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на сите акредитирани студиски програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите и на предвидените наставни предмети. Во редовен работен однос на Факултетот се 66 лица избрани во наставно-научни звања, распоредени во седум институти: Растително производство, Овоштарство, лозарство и винарство, Анимална биотехнологија, Храна, Животна средина, Заштита на растенијата и земјоделска техника и Агроекономика. Компетентноста на наставниот кадар се потпира на три проверливи основи. Прво, секој наставник е избран во наставно-научно звање во конкретна научна област, по постапка пропишана со Законот за високото образование и со актите на Универзитетот, при што извештајот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот, а одлуката за избор е јавно достапна. Второ, наставниците се распоредени во седум института што ги покриваат сите научни области врз кои се засноваат студиските програми, а предметите што секој наставник ги изведува се во рамките на областа во која е избран, што е документирано со прегледот на ангажираност. Трето, научната продукција на кадарот е континуирана и документирана, односно бројот и видот на објавените трудови во референтни научни публикации се прикажани кај индикаторот 5.2, а изборите и повторните избори во звање во извештајниот период кај индикаторот 5.4. Биографиите на наставниот кадар, изготвени во Europass формат, како и одлуките за последниот избор во звање за секој наставник се достапни на веб-страницата. Извештаите за последниот избор во звање за секој наставник се објавени во билтените на Универзитетот и на веб-страницата на факултетот. Прегледот на предметите што кадарот ги предава на секој циклус студии е даден во прегледот на ангажираност.	
Прилози 5.1.А Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат 5.1.Б Одлуки за избор во звање 5.1.В Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на прв циклус на студии 5.1.Г Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на втор циклус на студии	
5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.
Наставниот кадар ангажиран на Факултетот резултатите од својата научноистражувачка работа редовно ги објавува во референтни научни публикации, релевантни за научните области на студиските програми на сите три циклуси студии. Во извештајниот период објавени се вкупно 179 публикации, од кои 95 во академската 2024/2025 и 84 во академската 2025/2026 година. Од вкупниот број, 61 труд е објавен во научни списанија индексирани во најмалку една меѓународна електронска база, и тоа 29 во првата и 32 во втората академска година, при што 48 труда се објавени во списанија со фактор на влијание според Journal Citation Reports, а 13 во списанија со утврден SCImago Journal Rank. Во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји објавени се 49 труда, односно 25 и 24 по учебни години, во категоријата книга или дел од книга, рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или на ОЕЦД, има 40 публикации, односно 22 и 18, а во зборници на	

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири 29 труда, односно 19 и 10. Бројот на објавени публикации по категории и листата на објавени трудови се дадени во прилог.	
Прилози 5.2.А Број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар во установата 5.2.Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации	
5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.
На Факултетот во редовен работен однос се 66 лица избрани во наставно-научни звања, што е значително над законскиот минимум од десет лица во наставно-научни звања со полно работно време. Ниту еден наставник не е ангажиран на повеќе од четири предмети по семестар, согласно законските одредби и Колективниот договор, што покажува дека оптоварувањето во делот на наставата е балансирано, а бројот на часови на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. Во текот на извештајниот период воведен е унифициран индивидуален образец за извештај за спроведена настава за сите циклуси студии, што наставниот кадар задолжително го поднесува по завршувањето на семестарот. На тој начин, секој наставник ја пријавува одржаната настава и одржаните вежби по предмет, студиска програма, циклус на студии, семестар, број на недели и вкупен број одржани часови. Ангажираноста на наставниот кадар се утврдува со Преглед на ангажираност за секоја учебна година, кој го донесува Наставно-научниот совет и се објавува на веб-страницата на Факултетот, посебно за прв и за втор циклус студии (Прилог 5.1.В и 5.1.Г). Прегледот ги содржи предметите и распределбата на наставниците по студиски програми и претставува документ со кој се утврдува распоредот на работните задачи за тековната учебна година.	
Прилози 5.3.А Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии 5.3.Б Доказ за вработени	
5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.
При вработувањето, изборот и реизборот во звања, односно при напредувањето на наставно-научниот кадар, Факултетот ги применува критериумите утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 411 од 5 ноември 2018 година, и во Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот, објавени во „Универзитетски гласник“ бр. 728 од 30 април 2025 година. Постапката е јавна и транспарентна. Конкурсите се објавуваат во дневен печат, пријавените кандидати се оценуваат од рецензентска комисија избрана со одлука на Наставно-научниот совет, а извештаите на рецензентските комисии се објавуваат во билтените на Универзитетот пред одлучувањето. Изборот се заснова на академските квалификации и на постигнатите резултати и обезбедува еднакви можности за сите кандидати. Одлуките и билтените со рецензиите за избор на наставниот кадар се јавно достапни на веб-страницата на Факултетот.	

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Во извештајниот период спроведени се осум постапки за избор во звање. Во академската 2024/2025 година избрани се шест лица, од кои четири во повисоко звање редовен професор и две за првпат во звање доцент, а во академската 2025/2026 година избрани се две лица, двете за првпат во звање доцент. На секој објавен конкурс се пријавил по еден кандидат, поради што во извештајниот период нема пријавени кандидати кои не биле избрани. Прегледот на избраните лица, со научната област, звањето, датумот на изборот, бројот на пријавени кандидати и линк до соодветниот билтен на Универзитетот, е даден во Прилог 5.4.Б.

Прилози

5.4.А Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

5.4.Б Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања

5.4.В Линк до билтените со рецензиите и одлуките за избор во звање

5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Наставниот кадар располага со информатичка опрема, со пристап до релевантни електронски бази од областа во која работи, со просторни услови за одржување на теоретската и практичната настава, со опремени лаборатории за изведување лабораториски вежби и со други ресурси релевантни за работата. Факултетот има седум акредитирани лаборатории, компјутерски училници, амфитеатри и Опитно поле.

Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје располага со зграда со површина од 10000 m2, во која се сместени 5 амфитеатри, 35 предавални, 3 компјутерски училници, над 50 лаборатории за наставна, научно-истражувачка и апликативна дејност, 180 кабинети за наставниот кадар и администрацијата, сали за состаноци, библиотека и друга инфраструктура потребна за нормално изведување на образовните и научните активности во согласност со постоечките нормативи и стандарди, како и опремена просторија за надворешните професори. Во извештајниот период работните и наставните услови се унапредени со опремување и доопремување на поголем број лаборатории на Факултетот.

Факултетот располага со современа компјутерска мрежа со еквивалентен број на интернет-приклучоци или Wi-Fi конекција за сите вработени, како и слободен пристап до Wi-Fi конекција за студентите на Факултетот. Во последната декада Факултетот постојано и навремено се грижи за подобрување и одржување на компјутерската мрежа и серверот, преку обновување на опремата во компјутерскиот центар и во сите простории на Факултетот.

Административниот кадар е исто така целосно обезбеден со просторни капацитети и компјутерска опрема неопходни за непречено изведување на работните задачи. Факултетот секоја година обезбедува канцелариски материјали за сите вработени.

Перцепцијата на наставниот кадар за работните услови се следи преку анкета. Највисоко оценети се поддршката од стручно-административниот кадар (4,51) и просторните услови за работа (4,43), додека помеѓу најниско оценетите се обезбеденоста со опрема и потрошен материјал (3,89) и пристапот до потребните публикации (3,94). Резултатите се разгледуваат во рамките на системот за обезбедување квалитет, како што е опишано кај индикаторот 1.2, и се земаат предвид при планирањето на мерките во годишните акциски планови (Прилог 1.2.Ѓ).

Прилози

5.5.А Преглед и опис на просторни услови

5.5.Б Попис

5.5.В Линкови до електронски бази

5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар

техничките вештини на наставниот кадар.	во последните пет години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).
Факултетот обезбедува можности за професионален развој на наставниот кадар и организира обуки насочени кон развој на проактивни и иновативни методи за настава и кон унапредување на педагошките и техничките вештини. Во извештајниот период реализирани се дванаесет обуки, по шест во секоја академска година. Три од нив се интерни обуки организирани од Факултетот и наменети за целиот наставен кадар, додека останатите се обуки на кои учествувале поединечни наставници, организирани од други единици на Универзитетот или во рамките на меѓународни проекти. Интерните обуки се „Стратегии и техники на поучување", одржана на 25 април 2025 година во соработка со Филозофскиот факултет во Скопје, и „Од податоци до знаење: вештачка интелигенција во образованието и науката", одржана на 28 април 2025 година во соработка со Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (на двете присуствувале најмалку 60% од вработените на единицата) и „Примена на иновативни методи за настава и учење во високото образование", одржана на 25 јуни 2026 година во соработка со Факултетот за електротехника и информациски технологии, со 25 учесници. Дополнително, на 8 мај 2026 година е реализирана обука за подготовка и пријавување меѓународни проекти од европски фондови, со 15 учесници. Обуките произлегоа од годишните акциски планови за академските 2024/2025 и 2025/2026 година, а нивната реализација е потврдена во годишните извештаи за реализација на акциските планови. Поединечните обуки, со областа, организаторот, траењето и начинот на финансирање, се прикажани во Прилог 5.6.	
Прилози 5.6 Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава	
5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).
Факултетот во текот на секоја учебна година ангажира визитинг-наставници и стручњаци од практиката од земјата и од странство во рамките на предметните програми. Ангажманот се врши со одлука на Наставно-научниот совет и со одобрение, односно согласност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во академската 2024/2025 година, со две одлуки на Ректорската управа, ангажирани се 10 стручњаци од практиката со вкупно 22 ангажмани по предметни програми, а во академската 2025/2026 година, исто така со две одлуки, 18 стручњаци со вкупно 45 ангажмани, со што е надмината проектираната вредност од 16 ангажирани стручњаци утврдена со годишниот акциски план. За секој ангажман се определени студиската програма и предметната програма на која се изведува наставата. Профилите на ангажираните лица се релевантни за предметните програми и опфаќаат области како квалитет и безбедност на храна, технологија на месо и на млеко, биохемија, молекуларна биологија, фитопатологија, заштитени простори, наводнување, педологија, маркетинг на земјоделски производи и производство и преработка на тутун. Ангажирањето на стручњаци од практиката е уредено и со одлуки на Наставно-научниот совет, на 16 јуни 2025 година донесена е одлука за ангажирање најмалку еден стручњак од практиката за секоја студиска програма на прв циклус студии, а на 21 септември 2026 година одлука за најмалку двајца стручњаци по студиска програма за академската 2026/2027 година. Во извештајниот период во наставата беа ангажирани визитинг-наставници од странство: во академската 2024/2025 година Хосеин Азади (Универзитет во Гент, Белгија), Кирил Д. Христовски (Arizona State University, САД), Зорица Средојевиќ (Универзитет во Белград, Србија), Миљан Цветковиќ и Мирела Кајкут Зељковиќ (Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина), а во академската 2025/2026 година Хосеин Азади (Универзитет во Гент, Белгија), Фотис Пападемас (Универзитет за технологија на Кипар), Андреас Дрихутис (Земјоделски универзитет во Атина, Грција) и Јака Жгајнар (Универзитет во Љубљана, Словенија). Списокот на визитинг-професори е објавен на веб-страницата на Факултетот. Покрај формалниот ангажман, во наставата по одделни предметни програми се вклучуваат стручњаци од практиката преку гостински предавања, работилници и теренски посети на производни капацитети и на дистрибутери на опрема, со што содржините се поврзуваат со актуелните состојби во стопанството. Истовремено, наставниот кадар на Факултетот е ангажиран и на други високообразовни установи. Во академската 2024/2025 година пријавени се 9 такви ангажмани од 6 наставници, а во академската 2025/2026 година 10 ангажмани од 7 наставници, на Технолошко-металуршкиот, Фармацевтскиот, Архитектонскиот и Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Универзитетот во Сараево и на Шведскиот универзитет за земјоделски науки, што е показател за препознаеноста на компетенциите на кадарот и надвор од	

матичната установа.

Прилози

5.7.А Одлуки за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставници од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024, 2025 и 2026 година

5.7.Б Одлуки за давање согласност за ангажирање стручњаци од практиката од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024, 2025 и 2026 година

5.7.В Биографии

5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Факултетот ја поттикнува научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар со цел зајакнување на поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот се потпира на потпишани договори за соработка со институции од областа, со факултети и со приватни компании, на мобилности за наставниот кадар преку програмите Еразмус+ и ЦЕЕПУС и на обуки во рамките на меѓународните проекти што се реализираат на Факултетот. Факултетот обезбедува континуирана финансиска стимулација за покривање на целите или дел од трошоците за објавување труд во списанија индексирани во Web of Science и Scopus, како и поддршка за учество на меѓународни конференции и мобилност во странство.

Финансирањето на проектите доаѓа од Министерството за образование и наука, од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и од меѓународни програми и организации: Horizon Europe, COST, Erasmus+, ИПА и ИПАРД, Меѓународната агенција за атомска енергија, Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации, GIZ, Програмата за развој на Обединетите нации, Светската банка и др.

Резултатите од научноистражувачките проекти непосредно се интегрираат во наставниот процес преку осовременување на наставните содржини, користење на нови методологии и истражувачки пристапи, примена на лабораториска и теренска опрема набавена во рамките на проектите и вклучување на студентите во истражувачки активности и изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови. На овој начин научноистражувачката работа директно придонесува за унапредување на квалитетот и актуелноста на наставата.

Поврзаноста меѓу науката и наставата во извештајниот период е документирана со неколку конкретни случаи. Преку проектот MAK5010 на Меѓународната агенција за атомска енергија, во извештајниот период е набавена лабораториска и фенотипска опрема која се користи за карактеризација на колекцијата растителни генетски ресурси, а во наставата по селекција на растенијата се воведени дигитални алатки за теренско бележење и обработка на фенотипски податоци (Field Book и GridScore NEXT). Во рамките на проектна соработка за практична настава, во летниот семестар на академската 2024/2025 година е организирана практична настава за шест предметни програми кај девет домаќини од стопанството и од јавниот сектор, со вкупно 127 реализирани часа, додека во академската 2025/2026 година дванаесет студенти од втора, трета и четврта година поминаа две дводневни обуки, три теренски посети на производствени капацитети и непосредно учество во триесет лабораториски анализи. Во активните научноистражувачки проекти на Факултетот во академската 2025/2026 година беа вклучени единаесет студенти од сите циклуси студии, а исто толку студенти добија финансиска поддршка за учество на домашни или меѓународни научни конференции. Дополнително, извршена е модернизација на постојните акредитирани лаборатории преку набавка и инсталирање опрема и преку обуки за нејзино користење, со што се проширени можностите за изведување лабораториски вежби.

Прилози

5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

Факултетот организира континуирани обуки и тренинзи за вработените во насока на унапредување на постојните и воведување нови методи за настава. Во наставниот процес се користат различни платформи за споделување информации, презентации, материјали и видеа. Во рамките на одделни предметни програми се користат иновативни техники, алатки и софтвери, како што се Socratic method, Blended learning, Mentimeter, Flipped classroom и др. за иновативни начини на учење, Qualtrics, z-Tree, Structure, DARwin, R за моделирање, анализирање и презентација на податоците, и др.

Иновациите се применуваат и во содржини специфични за земјоделските науки. Во наставата по предметите од областа на дигиталното земјоделство се користат географски информациски системи, податоци од термални и мултиспектрални камери, беспилотни летала и сензорски технологии на демонстративните полиња на Опитното поле, вклучувајќи автоматизирани системи за наводнување и фертиригација и метеоролошки станици. Во областа

на генетиката и селекцијата на растенијата воведени се дигитална фенотипизација и анализа на слики од семе, лист и други растителни органи, алатки за теренско бележење и обработка на фенотипски податоци (Field Book и GridScore NEXT) и напредна обработка на молекуларни и генотипски податоци со специјализирани софтвери. Во областа на агроекономиката дел од наставата се изведува во лабораторија за бихевиористичка и експериментална економија, во која со студентите се спроведуваат контролирани економски експерименти со специјализиран софтвер.
Најзастапени иновативни методи кои се применуваат во наставата се визуелизацијата и мултимедијалните содржини, дигиталните алатки и софтвери, интерактивните квизови за непосредна проверка на знаењето, студиите на случај, проектното и искуственото учење, активностите за одговорна употреба на алатки базирани на вештачка интелигенција, воведување на учење преку проекти и експерименти, настава надвор од училницата и употреба на вештачка интелигенција во наставата.
Ефектот од организираните обуки е непосредно видлив во наставниот процес: наставниците што посетувале обуки за техники на поучување и за примена на вештачка интелигенција во образованието, во наредната академска година пријавуваат воведување токму на тие методи во своите предметни програми, а оценките од студентските анкети за интерактивноста и за разновидноста на техниките за оценување во истиот период растат.

Прилози

5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).

Академскиот интегритет на Факултетот се обезбедува преку Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во кој е предвидено дека со научните сознанија не се манипулира и дека тие не се користат за нехумани и неетички цели, како и преку санкции за таквите постапки, меѓу кои најстрого се осудува плагијаризмот. Сите магистерски и докторски трудови задолжително се проверуваат преку системот за откривање плагијаризам, пред одбраната. Во извештајниот период на Факултетот се изготвени извештаи од проверката за магистерски и докторски трудови, со утврдени вредности на вкупното совпаѓање под прагот за сомневање за плагијаризам, односно меѓу 3,3 и 5,34 %.
Дополнително, превенцијата е вградена и во самиот наставен процес. Во наставата се воведени активности за развивање академска писменост и одговорно ракување со изворите на податоци, обука за структурата на научниот труд, за начинот на пишување и за цитирање на литературата во текстот и во списокот на користена литература, како и за критичка проверка на информациите добиени преку алатки базирани на вештачка интелигенција.
Системот за проверка на плагијаризам засега не опфаќа учебници, учебни помагала и научни трудови објавени од установата, поради што за нив не може да се достават извештаи од проверка.

Прилози
5.10.А Етички кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
5.10.Б Извештаи од спроведена проверка преку системот за откривање плагијаризам за магистерски и докторски трудови во извештајниот период

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Научноистражувачката работа на вработените на Факултетот е уредена со Законот за научноистражувачката дејност, со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и со Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, а критериумите за вреднување на научноистражувачките резултати при избор и реизбор во звање се утврдени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во звања на Универзитетот.
Факултетот нема посебен самостоен акт посветен исклучиво на научноистражувачката дејност. Материјата е уредена со наведените закони и статути, а индикаторите за научноистражувачката работа се утврдени и редовно се следат преку воспоставениот систем на индивидуално годишно известување. Секој наставник и соработник поднесува структуриран годишен извештај во кој се следат: реализираната настава и вежби по предмет, циклус студии и број на часови, објавените публикации по тип, со податок за факторот на влијание, монографиите и патентите, учеството во национални и меѓународни проекти, со улога и извор на финансирање, поднесените проектни апликации, менторствата на сите циклуси студии, учеството на научни собири, улогите во уредувачки одбори, обуките и студиските престои и воведените иновации во наставата.
Прибраните податоци се обработуваат збирно и се користат како основа за самоевалуацијата, за годишниот извештај за работата на Факултетот и за планирањето на активностите за унапредување на квалитетот, со што

следењето на индикаторите е воспоставено како редовна годишна постапка, а не како еднократна активност. Со годишниот акциски план за 2025/2026 година, годишниот извештај за сопствените научноистражувачки и апликативни резултати е утврден како задолжителен за секој член на единицата.

Прилози

5.11.А Акти и документи на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје – линк до веб-страницата на Факултетот

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки

Научноистражувачката работа на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје е насочена кон решавање актуелни прашања од значење за развојот на земјоделско-прехранбениот сектор, зачувувањето и одржливото користење на природните и генетските ресурси, адаптацијата на земјоделството кон климатските промени, рационалното користење на водните ресурси, воведувањето иновативни технологии и дигиталната трансформација на земјоделското производство. Активностите се реализираат преку национални и меѓународни проекти, научни истражувања и соработка со домашни и странски научни и високообразовни институции, земјоделски организации, стопанството и други релевантни чинители. Добиените резултати и знаења се пренесуваат во практиката и поширокатa јавност, со што научноистражувачката работа на Факултетот има непосреден придонес кон развојот на земјоделството и руралните средини.

Истражувачките приоритети на Факултетот кореспондираат со националните развојни документи. Националната развојна стратегија 2024-2044 година ги определува одржливиот економски раст, зелената транзиција и дигиталната трансформација како стратешки правци; Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2021-2027 година ги поставува конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, одржливото управување со природните ресурси и развојот на руралните средини како приоритети; а Програмата ИПАРД III 2021-2027 година ги операционализира мерките за модернизација на земјоделските стопанства и за трансфер на знаење. Истражувањата на Факултетот во областите на одржливото управување со водните ресурси, дигитализацијата на земјоделското производство, зачувувањето на растителните генетски ресурси и безбедноста на храната непосредно одговараат на тие приоритети.

Во областа на одржливото управување со водните ресурси, во рамките на COST акцијата FruitCREWS, од 29 септември до 1 октомври 2025 година на Факултетот е организирана меѓународната обука „Introduction to Remote Sensing for Irrigation Management", посветена на сателитски и дронски снимки, геопросторни анализи и термални и мултиспектрални податоци за следење на водниот статус на растенијата. Во проектот DIVAGRI се развиваат и тестираат технологии за поефикасно користење на водата, меѓу кои системот SLECI, со примена во услови на ограничена достапност на вода и со ефект врз продуктивноста на водата и климатската отпорност на производството. https://cost-fruitcrews.eu/news/training-school-remote-sensing-for-irrigation-management

Дигиталната трансформација на земјоделството е застапена преку проектот „Empowering Digital Agriculture: Modernization, Education, and Sustainable Development in North Macedonia", во кој се применуваат дронови, почвени сензори, агрометеоролошки системи, дигитално управувано наводнување и софтвери за анализа на податоци, и преку Erasmus+ проектот CAAIVE, насочен кон примена на вештачка интелигенција и прецизно земјоделство и кон пренесување на новите технологии кон фармерите и агробизнисите. https://cordis.europa.eu/project/id/101000348

Трансферот на знаење кон стопанството се остварува преку соработката со земјоделските производители и нивните организации, меѓу кои и Националната федерација на фармери, преку едукација и демонстрација на современи производни технологии, и преку овластувањето што Факултетот го доби од Агенцијата за храна и ветеринарство во март 2025 година за спроведување обуки за стекнување основни знаења за безбедност на храната, наменети за вработените во бизнисот со храна.

https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2024/12/BROSURA-EN-2_compressed.pdf
https://journals.ukim.mk/index.php/jafes/article/view/1476
http://www.fznh.ukim.edu.mk/images/stories/obuka/25.11.2025_obuka_za_steknuvanje_na_osnovni_znaenja.pdf

Во областа на зачувувањето на националниот агробиодиверзитет продолжени се активностите за собирање, карактеризација, зачувување и одржливо користење на македонските локални сорти и популации на земјоделски растенија, со што се создава основа за селекција на растителен материјал приспособен кон променливите климатски услови. https://prizma.mk/od-tsrna-pchenka-do-rozov-grav-misijata-za-spas-na-lokalnite-sorti/ https://balkaninsight.com/2026/07/20/ancient-seeds-lost-beans-the-professor-saving-north-macedonias-vanishing-crops/bi/

Опитното поле на Факултетот овозможува научните резултати да се проверуваат во реални производни услови и потоа да се пренесуваат кон производителите и стопанството, со што се воспоставува непосредна врска меѓу истражувањата и практичните потреби на земјоделскиот сектор.

Прилози

5.12.А Годишен извештај за работата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за академската 2024/2025 година

5.12.Б Годишен извештај за работата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за академската 2025/2026 година

Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој е опфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години
Финансиски извештаи од претходните пет години
Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)</td></tr>
<tr><td colspan="2">ФЗНХ ја води сметководствената евиденција и ги составува и поднесува финансиските извештаи во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и други прописи, како и прифатените сметководствени стандарди, принципи и практика. Главен извор на податоци за согледување на финансирањето на ФЗНХ претставува завршната сметка, пред сè билансот на приходите и трошоците, заедно со извештајот за финансиското работење и финансискиот резултат на субјектот, кои се изготвуваат за периодот на една календарска година (1.1-31.12) за буџетската сметка (603), како и за сметките 788 (сопствени приходи) и 631 (закупнини).
Во согласност со позитивните законски прописи, финансирањето на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје се одвива на два начини: со буџетски трансфери и со сопствени средства. Согласно последната завршна сметка за календарската 2025 година, вкупните приходи на Факултетот изнесувале 213.161.341 денари, од кои 182.696.372 се средства од Министерството за образование и наука (сметка 603), 30.376.477 се сопствени приходи од самофинансирачки активности (сметка 788) и 88.492 се приходи од закупнини (сметка 631). Во 2024 година вкупните приходи на Факултетот изнесувале 161.913.140 денари, од кои 132.515.310 се средства од Министерството за образование и наука (сметка 603), 29.309.338 се сопствени приходи од самофинансирачки активности (сметка 788) и 88.492 се приходи од закупнини (сметка 631).
За поттикнување на научно-истражувачката работа, Факултетот секоја година издвојува 40% од сопствените приходи.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози
6.1.А Финансиски планови
6.1.Б Финансиски извештаи
6.1.В Одлука за плати и надоместоци
6.1.Г Одлуки 40%</td></tr>
<tr><td>6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.</td><td>Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);
Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;
Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);
Попис на информатички ресурси за учење на далечина;
Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;
Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот за земјоделски науки и храна располага со површина од вкупно 10000 m2 и тоа:
- пет амфитеатри со капацитет за 680 студенти со вкупна површина од 590 m2;
- дваесет и шест предавални за настава со вкупна површина од 712 m2, со капацитет во просек за околу 30 студенти;
- девет специјализирани наставни простории - предавални со вкупна површина од 272 m2, опремени со апаратура за изведување на соодветни анализи;</td></tr>
</table>

- 50 лаборатории со вкупна површина од 2000 m2, за изведување на наставна, научно-истражувачка и апликативна дејност;
- 180 кабинети со вкупна површина од 2156 m2, за наставно-научни работници и соработници, административни простории и кабинети во Деканатот со вкупна површина од 220 m2;
- две сали за состаноци со вкупна површина од 260 m2;
- една просторија за Студентскиот парламент со површина од 40 m2
- три компјутерски сали со преку 30 компјутери со вкупна површина од 130 m2;
- просторија за Библиотека (централна) и две специјализирани простории како депоа за библиографски единици со вкупна површина од 300 m2

Амфитеатрите и предавалните на Факултетот за земјоделски науки и храна ги исполнуваат највисоките стандарди за одвивање на наставата. Во сите амфитеатри и предавални е инсталирана или е на располагање модерна техника наменета за ефикасно изведување на наставата (видеопроектори, фиксни и подвижни компјутери, безжичен интернет и друго).

Во состав на Факултетот за земјоделски науки и храна се наоѓаат и три компјутерски сали каде што се изведува соодветна настава и каде што студентите имаат слободен пристап до интернет. Во моментов, целокупниот активен простор на Факултетот е покриен со слободен пристап до безжичен интернет. Факултетот за земјоделски науки и храна има факултетска библиотека која е формирана уште од неговото основање. Факултетот има библиотека со читална, секојдневно достапна на студентите за подготовка на испитите и за пребарување литература. Според последната евиденција на библиотечниот фонд, тој опфаќа изданија на македонски, српски, хрватски и англиски јазик, со покриеност на научните области на студиските програми, при што целосен попис и каталогизација на фондот сè уште не се спроведени. Во извештајниот период не е спроведена позначајна обнова на печатениот фонд, поради што неговото осовременување е идентификувано како област за подобрување, додека пристапот до актуелна научна литература се обезбедува по електронски пат, преку базата AGORA.

На Факултетот функционираат 39 лаборатории, во кои се изведува лабораториската настава и се реализира научноистражувачката и апликативната дејност. Дел од лабораториите се опремени со современа опрема, додека дел располагаат со амортизирана опрема, поради што нивното реновирање и осовременување е постојан приоритет. Факултетот го продолжува процесот на акредитација на лабораториските методи според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018; акредитирани се повеќе од 43 методи во седум лаборатории: за анализа на храна за животни (12 методи), за млеко и млечни производи (2 методи), за испитување на квалитет на семиња од земјоделски растенија (5 методи), за анализа на почва и ѓубрива (11 методи), за тутун и тутунски производи (3 методи), за испитување на грозје, вино и алкохолни пијалоци (9 методи) и за хемиска анализа на примарни земјоделски производи и нивни преработки. Сертификатот за акредитација и прилогот кон него се објавени на веб-страницата на Факултетот.

Во извештајниот период техничките ресурси се унапредени со опремување на Лабораторијата за дигитално земјоделство, на Лабораторијата за бихевиористичка и експериментална економија, со набавка на нова аналитичка опрема за лабораториските вежби и со воведување автоматизирани системи за наводнување и фертиригација, метеоролошки станици и сензорски технологии на Опитното поле. Дополнително, Лабораториите за молекуларна генетика, за обработка и испитување на семе, за контролирано одгледување на растенија, за микроскопија и цитогенетика и за фенотипизација и анализа на слики се целосно опремени или доопремени со опрема набавена преку проект за техничка соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија.

Факултетот има библиотека со читална, која е секојдневно достапна на студентите за подготовка на испитите и за пребарување литература преку бази на податоци.

Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг. Основните средства и информатичката опрема се евидентираат преку годишниот попис, а библиотечниот фонд е предмет на ревизија.

Прилози

6.2 А Пописна листа од евиденција на основни средства (вклучително информатичка опрема наменета за студентите)

6.2 Б Извештај од последната ревизија на библиотечен фонд

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби).	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет

Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	години (со наведен период).

Работата на помошните и административните служби е организирана според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот, објавени во „Универзитетски гласник“ бр. 728 од 30 април 2025 година, со согласност од Министерството за јавна администрација.Со тие акти се утврдени составот, бројот и профилот на вработените во стручно-административната служба.

Службите во работата ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава и потребите на различната студентска популација, вклучително студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти и студентите од странство.

Службата за студентски прашања е достапна на службените телефони и електронски адреси секој работен ден до 18:00 часот, а по потреба се закажуваат термини и надвор од редовното работно време, што е особено значајно за вонредните и вработените студенти. Ефикасноста на службата е потврдена и преку анкетите за перцепцијата на студентите: услугите на студентската администрација се највисоко оценетиот аспект во анкетата за условите за студирање, со 4,53 во академската 2024/2025 и 4,62 во академската 2025/2026 година, а функционалноста на факултетската електронска адреса е оценета со 4,48 односно 4,62.

Бројот на вработени во помошните и административните служби не е доволен за непречено извршување на сите работни задачи, додека нивниот профил е соодветен за задачите што ги извршуваат. Состојбата е препознаена и е предмет на годишниот акциски план, во чии рамки е извршена анализа на бројот на вработени и на потребите од стручно-административен и помошно-технички кадар и е изготвен извештај за бројот на потребен нововработен кадар, како основа за планирање на нови вработувања. На помошниот и административниот кадар Факултетот му овозможува развој на сопствените компетенции.

Во извештајниот период седум вработени од стручно-административните и помошно-техничките служби посетиле вкупно 34 обуки, курсеви и советувања, и тоа 17 во академската 2024/2025 и 17 во академската 2025/2026 година. Обуките опфаќаат геопросторни анализи и далечинска детекција, ракување со лабораториска аналитичка опрема и со придружниот софтвер, јавни набавки, управување со човечки ресурси, сметководство и континуирано професионално усовршување, слободен пристап до информации од јавен карактер, нормативно-правни работи и дигитална трансформација. Дел од обуките се реализирани во странство или во организација на меѓународни институции, меѓу кои Меѓународната агенција за атомска енергија, програмата ЦЕЕПУС и Институтот IAMO. Финансирањето е обезбедено од средства на Факултетот, од Универзитетот, од организаторите на обуките и делумно преку самофинансирање (Прилог 6.3.В).

Прилози

6.3.А Правилник за систематизација на работните места Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје

6.3.Б Листа на вработени во помошно административните служби на Факултетот

6.3.В Листа на вработени во помошно-административните служби кои посетиле обука, курс или советување за стручно усовршување

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

Факултетот го поттикнува вклучувањето на студентите од сите три циклуси студии во домашните и меѓународните научноистражувачки проекти што се реализираат на установата. Вклучувањето се остварува преку ангажман во проектни активности, преку менторската работа на дипломските, магистерските и докторските трудови и преку поддршка за презентирање на резултатите на научни собири.

Во извештајниот период, вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти е предмет на конкретни активности од годишните акциски планови. Во Акцискиот план за 2024/2025 година е утврдена обврска за вклучување на најмалку еден студент по активен или добиен национален или меѓународен проект на единицата, со цел зголемување на бројот на студенти вклучени во проектите. Усвоени се и процедури за учество на студенти на конференции и утврдени се целни вредности од најмалку еден студент со финансиска поддршка, најмалку една конференција и најмалку еден презентиран труд годишно, а со планот за втората академска година целната вредност за студенти со финансиска поддршка е зголемена.

Во извештајниот период студентите од сите три циклуси студии биле ангажирани во 17 научноистражувачки и апликативни проекти. Во академската 2024/2025 година во 7 проекти биле вклучени 10 студенти (четворица од прв,

еден од втор и петмина од трет циклус), а во академската 2025/2026 година во 14 проекти 21 студент, од кои петнаесетмина од прв, тројца од втор и тројца од трет циклус, со вкупно 54 поединечни ангажмани. Проектите се финансирани од програмите Horizon Europe и Horizon 2020 (BEAMING, AGRO-WELL, BEE-GUARDS, DIVAGRI), од Меѓународната агенција за атомска енергија (MAK5010 и RER5030), од Светската банка (Проект за модернизација на земјоделството), од Министерството за образование и наука (КЛИМАГРИ), од UN Women со поддршка на шведската и швајцарската агенција за развој, како и од меѓународни организации, фондации и стопански субјекти. Ангажманот на студентите опфаќа теренска и лабораториска работа, собирање и обработка на податоци, карактеризација и умножување на растителен материјал и учество во анализи, а резултатите се достапни преку проектните страници наведени во Прилог 6.4.

Резултатите од истражувачката работа студентите ги презентираат и на научни собири. Во академската 2024/2025 година петмина студенти учествуваа на IX Конгрес за заштита на растенијата, одржан од 25 до 28 ноември 2024 година во Златибор, Република Србија, а во академската 2025/2026 година осуммина студенти на XVIII Советување за заштита на растенијата, одржано од 24 до 27 ноември 2025 година во Златибор, и студенти од прв и втор циклус студии на Пролетната школа во рамките на проектот BEAMING, финансиран од Horizon Europe, одржана од 14 до 17 април 2026 година во Букурешт, Романија. Во извештајниот период единаесет студенти добија финансиска поддршка од Факултетот за учество на домашни или меѓународни конференции

Прилози

6.4 Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Центарот за кариера на Факултетот функционира од 2014 година како составен дел од Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Негова основна цел е воспоставување трајни врски меѓу студентите и субјектите од стопанството. Центарот обезбедува информации за практикантство и за реализација на практична настава во текот на студирањето, дава поддршка во планирањето и насочувањето на кариерата и ги информира студентите за стипендии, обуки, конференции и други можности за личен и професионален развој, преку веб-страницата на Факултетот и преку системот iKnow. Во извештајниот период Центарот изготви и сопствена стратегија, објавена на веб-страницата.

Работата на Центарот е документирана со годишни извештаи. Меѓу реализираните форми на поддршка се: работилници за подготовка при барање работа - пишување биографија и мотивациско писмо, техники на интервју и презентациски вештини; работилници и предавања за здрави стилови на живот и ментално здравје, меѓу кои настанот за справување со стрес и превенција од согорување во соработка со Правниот факултет и настанот за психолошка резилиентност во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија; интерактивна работилница за себеспознавање и личен раст и работилница за орално здравје во соработка со Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет. Со годишниот акциски план обезбедена е специфична поддршка преку Центарот за кариера на Универзитетот, вклучително советник за академски развој, менторски сесии и психолошка поддршка, и е интензивирана работата на Центарот за кариера на Факултетот.

Поврзувањето со пазарот на трудот во академската 2024/2025 година се остваруваше преку „Ден на кариерен развој" на Универзитетот (април 2025 година), преку учество на саемот за образование „Студентарија МК 2025" (март 2025 година) и преку работилници за подготовка при барање работа. Во академската 2025/2026 година реализирани се „Денови на кариерен развој" во просториите на Факултетот (декември 2025 година), учество на „Студентарија МК 2026" (февруари 2026 година) и вклучување на студентите во организацијата и реализацијата на меѓународниот Симпозиум за земјоделство и храна ISAF 2025, одржан во октомври 2025 година во Охрид. Во двете академски години студентите учествуваа и во отворените денови на Универзитетот и на Факултетот. Центарот работи на волонтерска основа, со отворен повик за ангажирање студенти волонтери во секоја академска година. Раководител на Центарот за кариера на Факултетот е проф. д-р Ромина Кабранова, а контакт-адресата е kariera@fznh.ukim.edu.mk.

Прилози

6.5.А Центар за кариера - линк до веб-страницата на Факултетот http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/centar-za-kariera.html

6.5.Б Извештај за работата на Центарот за кариера 2024 - 2026 година

6.5.В Стратегија на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

Базата Алумни - ФЗНХ за регистрација и поврзување на сите генерации поранешни студенти на Факултетот е создадена во мај 2024 година, како реализација на поставената цел на Центарот за кариера, и е достапна преку веб-страницата на Факултетот, со посебен линк за регистрација. Со годишниот акциски план воспоставувањето на алумни мрежата е утврдено како активност со индикатор „број на алумни регистрирани во мрежата“, со носители Центарот за кариера, управата на Факултетот и Компјутерскиот центар, и е предвидена организација на алумни настан со извештај и со број на присутни алумни претставници и студенти.

Системот е функционален и алумни заедницата е вклучена во активностите на Факултетот. Бројот на регистрирани членови во базата е зголемен од 204 во академската 2024/2025 на 346 во академската 2025/2026 година, што е пораст од околу 70 отсто. Во секоја од двете академски години организирани се по две активности наменети за алумни заедницата, со 11, односно 17 учесници од редовите на алумни (Прилог 6.6.В). Алумни на Факултетот учествуваа во акцијата за уредување на дворот на Факултетот, во предновогодишното дружење со центрите за кариера од Кампусот за земјоделство и ветерина во декември 2024 и декември 2025 година и во хортикултурното уредување на дворот во март 2026 година, а во извештајниот период е изготвена и алумни публикација, објавена на веб-страницата.

Прилози

6.6.А Линк до повеќе информации за алумни датабазата на Факултет за земјоделски науки и храна- Скопје

6.6.Б Листа на членови на Алумни-заедницата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје

6.6.В Приказ на системот за соработка со Алумни-заедницата за академските 2024/2025 и 2025/2026 година

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.

Учеството на студентите во управувањето на Факултетот е уредено со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и со Статутот на Факултетот. Работата на Факултетското студентско собрание е уредена и со негов Статут, донесен врз основа на член 37 став 9 од Законот за високото образование. Со Статутот се уредуваат составот, надлежноста и начинот на работа на Собранието, начинот на предлагање и избор на претставници на студентите во органите и телата на Факултетот, начинот на избор на претставници во Универзитетското студентско собрание, изборот и разрешувањето на заменик студентски правобранител и финансирањето на Собранието.

Студентите учествуваат во управувањето на Факултетот преку Факултетското студентско собрание (ФСС), чии членови и претседател се избираат на непосредни избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право на уште еден избор. Собранието, покрај претседателот, брои десет члена, по двајца од студентите од прва до четврта студиска година на прв циклус студии и двајца од студентите на втор циклус студии. Избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се спроведени на 5 март 2025 година и на 10 март 2026 година, со тајно гласање. На изборите во 2026 година гласаа 46 студенти. Конститутивната седница на новиот состав е одржана на 19 март 2026 година.

Претседателот на Факултетското студентско собрание членува во Деканатската управа, шест претставници на Собранието членуваат во Наставно-научниот совет, а студентите имаат свои претставници во сите факултетски комисии, во Комисијата за самоевалуација и во Советот за квалитет на Факултетот. Со тоа студентите се вклучени и во телата што одлучуваат за студиските програми и во телата што ги разгледуваат наодите од системот за обезбедување квалитет.

Факултетот на ФСС му отстапува на користење посебна канцеларија без надомест и, за потребите на функционирањето и на предвидените активности, му става на располагање и други факултетски простории (амфитеатри, предавални, хол). На барање на ФСС, со одлука на Деканатската управа, Факултетот одобрува и издвојува средства за финансирање на предвидените студентски активности во рамките на сопствениот буџет. Во

извештајниот период Факултетот, со одлуки на Деканатската управа, финансиски ги поддржа следните студентски активности. Во академската 2024/2025 година поддржано е учеството на Агрономијада 2025, со 137.082 денари за сместување и 224.100 денари за автобуски превоз, односно вкупно 361.182 денари. Во академската 2025/2026 година поддржани се учеството на Агрономијада 2026, со 120.007 денари за сместување и 217.120 денари за автобуски превоз, учеството на XVIII Советување за заштита на растенијата во Златибор во ноември 2025 година со 54.047 денари и посетата на саемот AGROTICA во Солун во март 2026 година со 41.831 денари, односно вкупно 433.005 денари.

ФСС редовно организира и учествува во општествени, еколошки, културни и промотивни активности, самостојно и во соработка со Центарот за кариера, како што се акции за уредување на просторот околу Факултетот и на Кампусот, одбележување на светските денови на водата и на животната средина, засадување дрвја во дворови на градинки и училишта, промоција на Факултетот пред средношколци, отворени денови на Универзитетот и на Факултетот, како и инфо-настани за можностите за мобилност.

Во академската 2024/2025 година петмина студенти учествуваа на IX Конгрес за заштита на растенијата, одржан од 25 до 28 ноември 2024 година во Златибор, Република Србија, по покана на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, а членови на Факултетското студентско собрание учествуваа и на конференцијата „Одржливост во производството на грозје и вино во Тиквешкиот регион“, одржана на 18 ноември 2024 година во организација на Германското друштво за меѓународна соработка. Во академската 2025/2026 година осуммина студенти учествуваа на XVIII Советување за заштита на растенијата, одржано од 24 до 27 ноември 2025 година во Златибор, десет студенти го посетија 31. Меѓународен саем за земјоделска механизација, опрема и репроматеријали AGROTICA, одржан од 13 до 15 март 2026 година во Солун, Република Грција. Студентите на Факултетот учествуваа и на регионалната студентска манифестација Агрономијада. Агрономијада 2025 се одржа од 7 до 11 мај 2025 година во Зрче, Новаља, Република Хрватска, во организација на Земјоделскиот факултет од Бања Лука, со учество на 13 факултети и околу 250 студенти, од кои 36 од Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје. Агрономијада 2026 се одржа од 21 до 25 мај 2026 година во Будва, Црна Гора, со учество на 44 студенти од Факултетот. На двете Агрономијади студентите од Факултетот освоија награди во различни категории натпреварувања. Факултетското студентско собрание активно покренува иницијативи до органите на Факултетот.

Во извештајниот период Собранието достави барање до деканот за воведување вонредни испитни сесии за редовни и вонредни студенти и за апсолвенти, како и барања до Деканатската управа Студентската смотра на трудови да се организира со меѓународно учество и за одобрување финансиски средства за учество на студенти на меѓународни научно-стручни собири. На 27 март 2025 година Собранието организираше студентска трибина на тема „Безбедноста во и околу Факултетот“, со учество на студенти и на деканатската управа.

Прилози

6.7.А Линк до интернет страницата на ФСС на ФЗНХ

6.7.Б Записник од Изборната комисија за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание

6.7.В Приказ на учеството на студентите во органите и телата на Факултетот

6.7.Г Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студентите од страна на установата за академските 2024/2025 и 2025/2026 година

6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.

Студентите редовно се информираат за услугите и можностите достапни за време на студирањето преку содржини објавени на веб-страницата на Факултетот (во деловите „Соопштенија и новости“, „Календар на активности“, „Практична настава за студенти“, „Термини за консултации“, „Термини за испити“, „Уписи“ и „Центар за кариера“), преку системот iKnow и преку официјалните профили на социјалните мрежи. Информациите за стипендии, обуки, конференции и можности за вработување и за мобилност се споделуваат преку Центарот за кариера и преку Факултетското студентско собрание.

Дополнително, студентите се запознаваат со можностите преку промотивни настани и инфо-сесии: презентација на Центарот за кариера пред новозапишаните студенти на почетокот на академската година, инфо-настани за програмите за мобилност, отворени денови и работилници. Факултетот обезбедува информации и преку публикации и промотивни материјали, меѓу кои водичите за студирање на прв и на втор циклус студии и брошурата за Факултетот, објавени на веб-страницата, а прегледот на информативните и промотивните содржини е даден кај индикаторот 8.1.

Прилози

6.8. А - Линк до интернет страницата на факултетот на која се објавуваат огласи, соопштенија и други актуелности од интерес за студентите

Стандард 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
Индикатор	**Документација**
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален.
Факултетот редовно прибира, анализира и користи информации важни за успешно спроведување на студиските програми и на другите активности, со вклучување на сите засегнати страни. Основен систем преку кој се прибира и обработува најголемиот дел од податоците поврзани со наставно-образовниот процес е системот iKnow. Преку него се прибираат, следат и анализираат податоците за интересот за упис по студиски програми, бројот на запишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, просечниот успех и бројот на испишани студенти. Во процесот се вклучени студентите, административните служби и наставниот и соработничкиот кадар, при што секој корисник, согласно доделените привилегии, внесува и управува со податоците за својата активност. За прибирање и користење информации за научноистражувачката работа се користи Ризницата на научни трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јавно достапен репозиториум во кој се евидентирани учебниците, монографиите, деловите и поглавјата од книги, статиите во научни списанија, трудовите од научни конференции и прикази на стручна литература на наставниот кадар, како и магистерските и докторските трудови одбранети на Факултетот. Дополнително, од 2021 година секој член на научниот кадар креира и одржува кориснички профил на Google Scholar, ResearchGate и ORCID, на кои редовно ги внесува своите научноистражувачки резултати. Во извештајниот период Факултетот воспостави систем за прибирање и обработка на информации за наставната, научноистражувачката и стручната дејност- структуриран индивидуален годишен извештај на наставниците и соработниците. Извештајот се поднесува електронски преку унифициран образец организиран во 22 тематски единици, со што податоците се прибираат во стандардизирана форма и се непосредно обработливи. Прибраните податоци ги опфаќаат: реализираната настава и вежби по предмет, студиска програма, циклус и број на часови; методите на учење и вреднување по предметна програма, воведените иновации во наставата, објавените научни и стручни публикации со податок за фактор на влијание, монографиите и патентите, учеството во национални и меѓународни проекти и поднесените проектни апликации, менторството на завршни трудови по циклуси, учеството на научни и стручни собири, улогите во уредувачки одбори, посетените обуки и тренинзи, студиските престои во странство, наставата на други образовни установи и наградите и признанијата. Функционалноста на системот е потврдена со неговата примена во двете академски години од извештајниот период. Сите поднесени извештаи се обработени и агрегирани во единствена база по тематски области, што овозможува збирни анализи на ниво на установа и по академски години. Оваа база е основа за изработка на овој извештај од самоевалуација.	
Прилози 7.1.А https://is.iknow.ukim.mk/ 7.1.Б Ризница на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје 7.1.В Ризница на Факултетот за земјоделски науки и храна- Скопје 7.1.Г https://scholar.google.com/ 7.1.Д https://www.researchgate.net/ 7.1.Ѓ https://orcid.org/ 7.1.Е Прашалник за индивидуален годишен извештај на наставно-научниот и соработничкиот кадар (Прилог 1.2.Ж)	
7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.

учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	
Информациите што ги прибира Факултетот се однесуваат на три меѓусебно поврзани подрачја. Првото се податоците за студентите и за студиските програми, кои се прибираат преку системот iKnow и опфаќаат интерес за упис и број на запишани студенти по студиска програма, напредок и проодност, просечен успех по предмет и по студиска програма, број на дипломирани, магистрирани и докторирани студенти и број на испишани студенти. Второто подрачје се податоците за наставната, научноистражувачката и стручната дејност на кадарот, кои се прибираат преку индивидуалните годишни извештаи опишани во индикаторот 7.1. Третото подрачје е продукцијата на научни публикации, која се води преку Ризницата на научни трудови на Универзитетот и преку профилите на наставниците на Google Scholar, ResearchGate и ORCID. Податоците од трите подрачја се обработуваат збирно на годишно ниво и се анализираат по студиски програми, по циклуси студии и по академски години, што овозможува следење на трендовите, а не само на состојбата во една година. Резултатите од анализата се разгледуваат од Комисијата за самоевалуација, од Советот за квалитет и од Наставно-научниот совет. Студентите се вклучени во прибирањето и анализата на податоците на три начини. Преку студентската анкета во системот iKnow тие го оценуваат квалитетот на наставата и на наставниот кадар по десет аспекти и општите услови за студирање, а резултатите се обработуваат по наставник, по предмет и по семестар. Преку своите претставници студентите учествуваат во работата на Наставно-научниот совет и на комисиите на Факултетот. Претставници на студентите членуваат и во Комисијата за самоевалуација и во Советот за квалитет и учествуваат во разгледувањето на прибраните податоци и во формулирањето на заклучоците и препораките. Вработените се непосредни учесници во системот. Секој наставник и соработник самиот ги внесува податоците за својата наставна, научна и стручна дејност во индивидуалниот годишен извештај, со што прибирањето на информации е распределено на целиот кадар, а не сведено на административна евиденција. Дополнително, вработените се изјаснуваат и преку анкетите за условите за работа. Врз основа на податоците за посетените обуки и за воведените иновации во наставата се утврдуваат потребите за професионален развој на кадарот и се планираат наредните интерни обуки. На тој начин се реализирани обуките „Стратегии и техники на поучување“, „Од податоци до знаење: вештачка интелигенција во образованието и науката“ и „Примена на иновативни методи за настава и учење во високото образование“, а нивниот ефект е потврден со порастот на оцените на студентите за интерактивноста на наставата и за разновидноста на техниките за континуирано оценување во наредната академска година. Податоците за успехот на студентите по предмет и резултатите од студентските анкети се користат од предметните наставници за приспособување на наставните содржини и на методите на обработка на послабо совладаните наставни единици, а на ниво на установа истите се користат при ревизијата на студиските програми. Податоците за научноистражувачката и стручната дејност се основа за Годишниот извештај за работата на Факултетот, за планирањето на проектните апликации, за годишните акциски планови за квалитет и за овој извештај од самоевалуација.	
Прилози 7.2.А Одлуки за формирање комисии на ФЗНХ	
7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси.
Според податоците од индивидуалните годишни извештаи на наставниот кадар, Комисијата за самоевалуација на ФЗНХ изготви Регистар на значајни настани, активности и процеси, како посебен документ за извештајниот период. Регистарот содржи 224 записи (125 за академската 2024/2025 и 99 за академската 2025/2026 година). Според видот на настаните, најзастапени се обуките, тренинг-курсевите и работилниците, со 78, односно 45 записи, по што следат конференциите со 31 запис, конгресите и симпозиумите со по 14, вебинарите со 10, работните состаноци со 8, форумите со 6, семинарите со 5 и школите со 2 записи. Останатите записи се однесуваат на предавања, промотивни настани, студиски посети, инфо-сесии и презентации. Записите опфаќаат настани организирани од Факултетот и настани на кои учествувале наставниците и соработниците, со организатори од земјата и од странство.	

Од вкупниот број записи, 19 настани се организирани или соорганизирани од Факултетот. Меѓу позначајните се меѓународниот тренинг-курс „Introduction to Remote Sensing for Irrigation Management", реализиран во рамките на COST акцијата FruitCREWS со 50 учесници, регионалниот тренинг-курс на Меѓународната агенција за атомска енергија „Integrating Nuclear Techniques for Soil, Nutrients and Water Management" со 30 учесници, циклусот обуки за стекнување лиценца за фитофармација, реализиран во пет модули со по 30 учесници и обуката „Хоризонт Европа - работни програми 2026-2027 и насоки кон FP10" со 50 учесници.

Податоците од регистарот се обработуваат и се користат при изработката на годишниот извештај за работата на Факултетот, при подготовката на извештајот за самоевалуација и при планирањето на мерките во годишните акциски планови, со што евиденцијата на настаните и активностите е вградена во стратешкото управување со установата.

Факултетот за земјоделски науки и храна редовно ги објавува Информациите за значајните настани, активности и процеси на веб страната на установата

во делот за настани: http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/nastani/,

во делот наука и апликација: http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/nauka-i-aplikacija/

и во делот соработки:http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/sorabotki.../

Прилози

7.3 Регистар на значајни настани, активности и процеси

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата.

Факултетот, во рамките на својот делокруг на работење и заради извршување на основната дејност во доменот на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци и другите релевантни прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на нивната безбедност.

Обработката на податоците на студентите во дигитална форма се врши преку системот iKnow, во кој секој вработен и секој регистриран студент, по безбедносна автентикација, пристапува до информациите за своите активности согласно доделените привилегии. Истиот принцип важи и за институционалните електронски адреси и за платформата Microsoft Teams. Документацијата во хартиена форма, вклучително студентските досиеја, се чува во просториите на студентската служба со ограничен пристап. Податоците што се внесуваат во студентските досиеја се утврдени со Законот за високото образование и со Статутот на Универзитетот, а студентите при запишувањето во прва година потпишуваат изјава со која даваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани.

На ниво на Факултет донесени се Правилник за начинот на вршење видео надзор и Изјава за приватност при вршење видео надзор, со кои е уредена обработката на личните податоци преку системот за видео надзор. Двата акта се објавени и јавно достапни на веб-страницата на Факултетот, во делот „Видео надзор". На ниво на Универзитет објавени се Процедура за пристап и исправка на лични податоци и образец на барање за пристап и исправка, со кои се уредува остварувањето на правата на субјектите на личните податоци. Факултетот има определено лице одговорно за заштита на личните податоци, а вработените се запознаени со обврските што произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

Прилози

Стандард 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
Индикатор	**Документација**
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери.
Факултетот редовно објавува точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни податоци за своите активности и за студиските програми на веб-страницата и преку официјалните профили на социјалните мрежи Facebook и Instagram. Објавите се под координација и одобрување од деканот и потесната деканска управа. Во академската 2024/2025 година остварени се 35 гостувања во телевизиски емисии, објавени се 30 информации на телевизија, 5 на радио, 15 во печатот и 200 на дигиталните медиуми, како и 200 објави на социјалните мрежи, со над 157.000 остварени интеракции. Во академската 2025/2026 година остварено е 41 гостување во телевизиски емисии, објавени се 27 информации на телевизија, 3 на радио, 16 во печатот и 220 на дигиталните медиуми, како и 220 објави на социјалните мрежи, со над 183.000 остварени интеракции. Промоцијата на Факултетот и на студиските програми ја спроведува посебен тим, преку електронска дистрибуција на промотивни материјали, настапи во електронските медиуми и непосредни посети на средни училишта во сите градови во државата. Факултетот учествуваше на саемите за образование во организација на Студентариј (март 2025 и март 2026 година) и на саемите за образование и кариера во организација на Младинскиот центар Охрид (април 2025 и април 2026 година). Во соработка со Државниот испитен центар, во просториите на Факултетот се одржаа полагањата на екстерните предмети за државна матура за 379 ученици во 2024/2025 и за 450 ученици во 2025/2026 година, по што на учениците им беа презентирани студиските програми. По повод јубилејните години на Факултетот организирани се две смотри на средношколски трудови (на 12 декември 2024 година со 17 ученици и на 15 декември 2025 година со 9 ученици од седум средни стручни училишта) на кои учениците презентираа трудови изработени под заедничко менторство на професори од средните училишта и од Факултетот. Организирани се и два квиза на знаење „Со знаење, преку традиција до иновации", во дисциплините примарно земјоделско производство и прехранбена технологија, на 11 април 2025 година со 22 ученици и на 15 декември 2025 година со 47 ученици. На сите учесници им беа доделени сертификати, а за најдобро рангираните беа обезбедени материјални награди со поддршка од компании од земјоделско-прехранбениот сектор и ослободување од партиципација во првата година од студиите при запишување на Факултетот. Факултетот редовно организира и средби со деца од градинки и со ученици од основни и средни училишта, со цел приближување на агрономската струка до најмладите генерации, и учествува во кампањи од јавен интерес и во активности за заштита на животната средина. Во октомври 2025 година во Охрид е одржан меѓународниот Симпозиум за земјоделство и храна во организација на Факултетот, со учество на студентите во неговата подготовка и реализација.	
Прилози 8.1 А Линк до официјалната веб-страница на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје 8.1 Б Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите 8.1 В Линкови до социјални медиуми	
8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис,	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја

предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.

Факултетот ги објавува податоците за своите активности, вклучително информациите за студиските програми што се реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои се стекнува студентот, постапките што се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, условите за учење и информациите за можностите за вработување на дипломираните студенти. Овие информации се објавени во деловите за прв, втор и трет циклус студии, во деловите за уписи, во водичите за студирање и во елаборатите за акредитираните студиски програми, а се презентираат и непосредно на промотивните настани, на отворените денови на Факултетот и преку Центарот за кариера. На тој начин на потенцијалните студенти им се претставуваат студиските програми, можностите за стипендирање, вклученоста во научноистражувачки проекти, можностите за меѓународна размена, активностите на Факултетското студентско собрание, работата на Центарот за кариера, практикантството и кариерните можности.

Сите тринаесет документи предвидени со член 21 став 3 од Законот за високото образование се објавени и јавно достапни на веб-страницата на Факултетот. Распоредот на работните задачи за тековната учебна година се објавува како Преглед на ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар, посебно за прв и за втор циклус студии, со сите измени и дополнувања донесени во текот на учебната година.

Прилози

8.2.А Статут на ФЗНХ
8.2.Б Статутарна одлука за измена и дополна на Статут на ФЗНХ
8.2.В Решение за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно
8.2.Г Акт за систематизација
8.2.Д Деловник за работа на наставно-научниот совет
8.2.Ѓ Правилникот за плати и надоместоци на ФЗНХ
8.2.Е Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
8.2.Ж Распоредот на работни задачи за тековната учебна година
8.2.З Завршна сметка
8.2.S Годишен извештај
8.2.И Прифатени теми за изработка на магистерски трудови
8.2.J Прифатени теми за изработка на докторски трудови
8.2.К Акти кои ги носи единицата согласно други закони
8.2.Л Етички кодекс на УКИМ

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо).

Факултетот редовно ги објавува клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа на својата веб-страница. Во делот „Докторски теми“ се објавуваат соопштенијата за закажаните одбрани на докторските дисертации, со датум, час, место, име на кандидатот, наслов на трудот и име на менторот, како и прегледот на прифатените теми за изработка на докторски трудови утврдени од Наставно-научниот совет. Во истиот дел, пред одбраната, се објавува и целосниот текст на докторската дисертација, со што е исполнето барањето дисертацијата задолжително да биде јавно достапна пред нејзината одбрана.

Во делот „Магистерски теми“ се објавуваат прифатените теми за изработка на магистерски трудови и соопштенијата за закажаните одбрани, а во делот „Дипломска работа“ и „Одбрана на дипломска тема“ е даден списокот на прифатените теми за дипломски работи и информациите за постапката за одбрана на дипломскиот труд, вклучително за одбраната на дипломски труд на далечина. Дипломските, магистерските трудови и докторските дисертации се достапни и во физичка форма во библиотеката на Факултетот.

Резултатите од научноистражувачката работа се јавно достапни преку Ризницата на научни трудови на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во која се евидентирани публикациите на наставниот кадар на Факултетот, преку профилите на наставниците на Google Scholar, ResearchGate и ORCID, како и на веб-страницата, каде се објавуваат информациите за реализираните проекти, за научните собири и за издавачката дејност на Факултетот.
Прилози 8.3.А Магистерски теми - http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/magisterski-temi-novo/ 8.3.Б Докторски теми и дисертации - http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/doktorski-temi/ 8.3.В Дипломски теми - http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/diplomska-rabota-/ 8.3.Г Одбрана на дипломска тема - http://www.fznh.ukim.edu.mk/mk/odbrana-na-diplomska-tema/

Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;
Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);
Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студентите и вработените на Факултетот реализираат мобилност во рамките на програмата Еразмус+ и на програмата ЦЕЕПУС. Факултетот е член на ЦЕЕПУС-мрежата @groen, во која членуваат универзитети од 21 земја, и на мрежата „Tourism and Agriculture Sustainable Alliances - #TASA“, во која членуваат 28 универзитети од областите на земјоделството, туризмот и угостителството, логистиката и животната средина, а во чии рамки се реализираат мобилности почнувајќи од академската 2023/2024 година.
Бројот на студенти кои користат мобилност се зголемува од двајца во академската 2024/2025 на седум во академската 2025/2026 година, при што за првпат мобилност реализираат и студенти од втор циклус студии. Со тоа е постигната целта поставена со годишниот акциски план за зголемување на бројот на студенти што користат мобилност. Информирањето на студентите е предмет на акцискиот план за првата академска година, во чии рамки се организирани два инфо-настана за можностите за мобилност, во соработка со Факултетското студентско собрание. Иако трендот е позитивен, вкупниот број реализирани мобилности останува низок во однос на бројот запишани студенти, поради што зголемувањето на студентската мобилност останува приоритет во наредниот период. Процентите на студентска мобилност се пресметани одделно по циклуси на студии, во однос на вкупниот број студенти на соодветниот циклус во конкретната академска година.
Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. Периодите на студирање во странство се признаваат врз основа на Европскиот кредит-трансфер систем, така што освоените кредити на институцијата-домаќин се вреднуваат во студиската програма на Факултетот, согласно правилниците на Универзитетот за условите и правилата за студирање. Реализираната мобилност се евидентира во студентското досие што го води службата за студентски прашања, а постапките за номинирање и упатување се координираат заедно со координаторите на Еразмус+ програмата на ниво на Универзитет.
Во извештајниот период продолжија активностите за проширување на мрежата билатерални и Еразмус+ договори, со универзитети и институции од Бугарија, Кипар, Хрватска, Франција, Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Германија и Италија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози
9.1 А Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии
9.1 Б Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните пет години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+
9.1 В Листа на склучени Еразмус + билатерални договори
Линк до информации за меѓународната размена на студентите</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.
Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;
Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;
Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;
Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;
Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во рамките на Факултетот функционира посебно тело надлежно за меѓународната соработка. Комисијата за меѓународна соработка е постојано работно тело кое функционира во континуитет и го сочинуваат претседател, деветмина членови од наставно-научниот кадар и претставник на студентите. Комисијата ги разгледува предлозите за меѓународни проекти што се поднесуваат од Факултетот. Независно од работата на Комисијата, во извештајниот период континуирано се споделуваа информациите што пристигнуваа до Факултетот за отворени повици за меѓународни проекти и за вебинари поврзани со водењето на меѓународни проекти и со теми од областа на</td></tr>
</table>

земјоделските науки.
Факултетот нема посебен самостоен акт за интернационализација; приоритетите произлегуваат од Статутот на Факултетот и од актите и стратешките документи на Универзитетот, а нивното исполнување се следи преку индикатори што се собираат на годишно ниво, преку индивидуалните годишни извештаи на наставниот кадар и преку евиденцијата на стручните служби. Тие индикатори се: бројот на студенти кои реализирале мобилност, по циклуси студии; бројот на наставници и соработници кои реализирале мобилност и студиски престои во странство; бројот на ангажирани наставници од странство; бројот на меѓународни проекти во кои учествува Факултетот и бројот на поднесени проектни апликации, бројот на меѓународни научни настани организирани од Факултетот и на учества на меѓународни собири, бројот на склучени билатерални и Еразмус+ договори и бројот на запишани странски студенти. Бројот на поднесени проектни апликации и на учества во меѓународни проекти континуирано се зголемува.
Резултатите од меѓународната соработка се сумираат во Годишниот извештај за работата на Факултетот и се разгледуваат од Наставно-научниот совет.

Прилози
9.2.А Годишен извештај за работата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за академската 2024/2025 година (дел за меѓународна соработка)
9.2.Б Годишен извештај за работата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје за академската 2025/2026 година (дел за меѓународна соработка)
9.2.В Студиски престои на наставниот кадар во странство за периодот 2024-2026 година

9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

Факултетот обезбедува финансиски ресурси за меѓународна соработка преку Програмата за распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање, донесена согласно член 125 од Законот за високото образование и усвоена од Деканатската управа и од Наставно-научниот совет. Според Програмата, 40 % од средствата остварени од партиципација може да се користат за развој на наставата, за научноистражувачка дејност и за мобилност. Средствата за мобилност опфаќаат расходи за учество на домашни истражувачи (наставно-научен и соработнички кадар и студенти) на научни собири во земјата и во странство, со право на еднократно користење по истражувач во тековната година, во износ не поголем од 300 евра во денарска противвредност, по поднесено барање и доставен формулар. Расходите за учество на симпозиуми, семинари и конференции од национален и од меѓународен карактер ги опфаќаат котизацијата, патните трошоци и сместувањето, согласно усвоениот годишен план.
Покрај сопствените средства, значаен дел од активностите на меѓународната соработка се финансираат преку меѓународни програми и донатори во кои Факултетот е партнер или корисник. Во извештајниот период тоа се програмите Horizon Europe, COST, Erasmus+, ИПА и ИПАРД и ЦЕЕПУС, како и Меѓународната агенција за атомска енергија, Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации, Програмата за развој на Обединетите нации, Светската банка, GIZ и Европскиот институт за иновации и технологија. Преку овие извори се финансираат мобилностите на наставниот кадар, учеството на меѓународни собири и обуки, набавката на опрема и организацијата на заеднички настани. Планираните и искористените средства за меѓународна соработка по академски години и по извор на финансирање се прикажани во прилогот 9.3.А.
Планираните средства за меѓународна соработка од донатори изнесуваат 23.222.770 денари во академската 2024/2025 и 22.916.139 денари во академската 2025/2026 година, од кои се искористени 15.737.973, односно 15.864.220 денари, што претставува реализација од околу 68 отсто во двете години. Прегледот во Прилогот 9.3.А ги опфаќа средствата обезбедени преку меѓународните програми и донатори, додека средствата од сопствени приходи наменети за мобилност се распределуваат по поединечни барања, согласно Програмата донесена врз основа на член 125 од Законот за високото образование.

Прилози
9.3.А Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
9.3.Б Програма за распределба на дел од средствата од партиципација за развој на наставната, научно-истражувачката дејност и мобилноста на факултетот за земјоделски науки и храна при УКИМ во Скопје за 2026 година

9.4. Установата соработува со други институции	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата

во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.

Факултетот континуирано ја проширува билатералната соработка со универзитети и институции од Европа и светот. Соработката не се сведува само на Еразмус+ договорите за мобилност, туку опфаќа и поттикнување посети на членови на факултет од еден на друг универзитет заради вклучување во истражувачки и наставни активности, поддршка на размена на студенти од сите три циклуси, размена на неакадемски кадар, поттикнување заеднички академски публикации и промовирање заеднички научноистражувачки активности од заеднички интерес.

Проектите се финансирани од програмите Horizon Europe, COST, Erasmus+, ИПА и ИПАРД, како и од Меѓународната агенција за атомска енергија, Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации, Програмата за развој на Обединетите нации, Светската банка, GIZ, Европскиот институт за иновации и технологија, Европската програма за соработка во растителните генетски ресурси и Alliance Bioversity & CIAT. Резултатите од меѓународните проекти се непосредно релевантни за студиските програми бидејќи преку нив се набавува лабораториска и теренска опрема што се користи во наставата, се реализираат обуки и работилници за наставниот кадар и за студентите и се овозможува вклучување на студентите во истражувачки активности.

Меѓу позначајните конкретни соработки во извештајниот период се следниве. Во проектот BEAMING, финансиран од Horizon Europe, Факултетот учествува како партнер, а во негови рамки студенти од прв и втор циклус студии учествуваа на Пролетната школа одржана во април 2026 година во Букурешт. Во проектот DIVAGRI, финансиран од Horizon 2020 и реализиран во конзорциум од 23 партнери, се развиваат и тестираат технологии за поефикасно користење на водата. Во рамките на COST акцијата FruitCREWS, Факултетот организираше меѓународна тренинг-школа за далечинска детекција во управувањето со наводнувањето, со 50 учесници. Со Меѓународната агенција за атомска енергија соработката се одвива преку проектите MAK5010 и RER5030, во чии рамки се опремени лаборатории на Факултетот и е организиран регионален тренинг-курс за интегрирање нуклеарни техники во управувањето со почвата, хранливите материи и водата, со 30 учесници. Во соработка со Светската банка, Факултетот изработи аналитичка алатка и спроведе среднорочна евалуација на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година, при што во работата беа вклучени и студенти.

Учество во меѓународната научна заедница. Во академската 2024/2025 година и во академската 2025/2026 година наставниците учествувале на научни собири во земјата и во странство (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Грција, Шпанија, Црна Гора, Унгарија, Турција, Италија, Словенија, Чешка, Швајцарија, Шведска). Реализирани се и студиски престои во странство, финансирани преку меѓународни мрежи и проекти.

Во извештајниот период Факултетот не реализираше заеднички студиски програми со странски универзитети. Соработката се остварува преку заеднички истражувачки проекти, мобилност на студенти и наставници, вклучување на професори од странство во наставата и заеднички научни публикации. Формирањето заеднички студиски програми е препознаено како развојна можност, а основа за тоа претставуваат постојните билатерални договори и членството во различни меѓународни мрежи.

Меѓу најзначајните меѓународни настани во извештајниот период се меѓународниот Симпозиум за земјоделство и храна, организиран од Факултетот во октомври 2025 година во Охрид; тренинг-школата „Introduction to Remote Sensing for Irrigation Management" во рамките на COST акцијата FruitCREWS, одржана на Факултетот од 29 септември до 1 октомври 2025 година; регионалниот тренинг-курс на Меѓународната агенција за атомска енергија, одржан во јуни 2026 година; и Пролетната школа во рамките на проектот BEAMING, одржана во април 2026 година во Букурешт. Во формите на меѓународна соработка во академската 2024/2025 година учествувале 11, а во академската 2025/2026 година 9 наставници, во наставата биле вклучени по петмина наставници од странство во двете години, а еден, односно тројца наставници од странство учествувале како ментори или членови на комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски трудови (Прилог 9.4.А).

Прилози

9.4.А Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство

9.4.Б Листа на наставници од странство

9.4.В Преглед на проекти по наставник за академските 2024/2025 и 2025/2026 година

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;

магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.

Факултетот има воспоставена постапка за ангажирање наставници од странство. Наставно-научниот совет донесува предлог за ангажирање визитинг-наставник, а одобрение дава Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со одлука донесена врз основа на член 103 став 1 алинеја 8 и член 180 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/2019, 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и член 331 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019). Условите под кои визитинг-наставникот ја врши дејноста се утврдуваат со договор склучен меѓу Факултетот и наставникот, а визитинг-наставникот не може да врши оценување на студентите.

Наставници од странство се ангажирани и како ментори или членови на комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски трудови, еден во академската 2024/2025 и тројца во академската 2025/2026 година, што претставува пораст во однос на претходната година. Покрај формалниот ангажман, наставници и истражувачи од странство одржуваат предавања, обуки и работилници во рамките на предметните програми и на меѓународните проекти што се реализираат на Факултетот.

Во однос на странските студенти, во академската 2024/2025 година на студиските програми на Факултетот беа запишани двајца странски студенти, додека во академската 2025/2026 година немаше новозапишани странски студенти. Факултетот ја препознава оваа состојба како подрачје што бара системски мерки. Така, на дваесет и втората седница на Наставно-научниот совет, одржана на 22 мај 2026 година, донесена е Одлука за формирање работна група за акредитација на студиската програма Пчеларство на англиски јазик на втор циклус академски студии и е започната постапката за изработка на елаборатот. Дополнителни мерки се поактивно претставување на студиските програми преку меѓународните мрежи во кои Факултетот членува и преку партнерските универзитети, како и олеснување на постапката за информирање и запишување странски студенти.

Прилози

9.5.А Листа на наставници од странство

9.5.Б Одлука на Наставно-научниот совет за формирање работна група за акредитација на студиската програма Пчеларство на англиски јазик на втор циклус академски студии

3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.

4. ПРЕПОРАКИ

ПРЕПОРАКИ

Комисија за самоевалуација

Проф. д-р Мирјана Јанкуловска, претседател

Проф. д-р Кочо Порчу,

Проф. д-р Душица Санта,

Проф. д-р Фросина Бабановска-Миленковска,

Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска,

Ѓорѓи Смилковски, студент

Дино Мискоски, студент